РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој
Agjencia për përkrahje financiare në bujqësi dhe zhvillim rural
Бр./Nr. 01-600/1
11-02-2021 viti 20 год.
SKOPJE - SHKUP

ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА

АГЕНЦИЈА ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО И РУРАЛНИОТ РАЗВОЈ 2020 ГОДИНА

в.д. Директор на АФПЗРР
Никица Бачовски

Скопје, 2020

СОДРЖИНА:

1. ВОВЕД.....1

2. ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА СЕКТОРИТЕ.....3

2.1. Сектор за општи и правни работи.....3

2.2. Сектор за директни плаќања во земјоделството.....6

2.3. Одделението за управување со човечки ресурси.....8

2.4. Сектор за одобрување на проекти.....12

2.5. Сектор за одобрување на исплата.....15

2.6. Сектор за контрола.....19

2.7. Сектор за финансиски прашања.....19

2.7. Сектор за финансиски прашања.....58

2.8. Секторот за информатичка и комуникациска технологија.....71

2.9. Сектор за регистри.....74

2.10. Секторот за внатрешна ревизија.....76

2.11. Сектор за аналитика и поддршка на работата на директорот.....77

1. ВОВЕД

Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој (во натамошниот текст АФПЗРР) е оперативен орган, основан како самостоен орган согласно Законот за основање на Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој („Службен весник на Република Северна Македонија" број 72/2007, 05/2009, 43/2014, 193/2015, 39/2016, 164/2018 и 190/2019) и е под директна одговорност на Владата на Република Северна Македонија (РСМ).

Согласно член 2 од Законот за основање на Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој („Службен весник на Република Северна Македонија" број 72/2007, 05/2009, 43/2014, 193/2015, 39/2016, 164/2018 и 190/2019) АФПЗРР е основана за остварување на следниве цели:

- спроведување на земјоделска политика и поддршка на руралниот развој во РСМ;
- користење на средствата од претпристапната помош на Европската унија за рурален развој во согласност со критериумите пропишани во билатералните договори мегу РСМ и ЕУ;
- спроведување на заедничката рибарска политика на ЕУ во РСМ;
- спроведување на мерките на државна помош во земјоделството;
- споведување на други мерки кои ги утврдува Владата на РСМ;

Република Северна Македонија поради потребата за прилагодување кон Заедничката Земјоделска Политика (ЗЗП), имплементирање на мерката за рурален развој, системот на директни плаќања и структурните мерки како и програмата ИПАРД, потребно е да воспостави адекватна институција преку која земјоделството и преработувачката индустријата ќе ги користат средствата од ЕУ.

Програмата ИПАРД[1] е претпристапна програма на ЕУ за државите кандидатки како посебна програма за финансиска поддршка за земјоделството и поттикнување на руралниот развој во претпристапниот период. Наменетата поддршка за РСМ од оваа програма ги опфаќа следниве мерки:

- Инвестиции во материјални средства на земјоделски стопанства на земјоделските стопанства;
- Инвестиции во материјални средства за преработка и маркетинг на земјоделските и рибните производи;
- Инвестиции во јавна рурална инфраструктура;
- Диверзификација на фармите и развој на бизниси и
- Техничка помош.

[1] IPARD - Instrument for pre-accession assistance for rural development

Средствата од оваа програма се наменети за постигнување на општите цели на земјоделската политика со цел постигнување на континуиран развој во земјоделството и поттикнување на целокупниот рурален развој. Мерките од ИПАРД програмата се насочени кон решавање на приоритетните специфични проблеми за прилагодување на земјоделството и руралните области во државите кандидатки кон целокупниот пазар на ЕУ и давање непосредна помош на овие држави за нивна подготовка за спроведување на КАП по нивното пристапување во ЕУ.

Основањето на АФПЗРР е од особена важност за РСМ како земја кандидат за членство во ЕУ. Единствено акредитирана платежна АФПЗРР може да ги користи фондовите за претпристапна помош на ЕУ. По пристапувањето на РСМ во ЕУ, АФПЗРР ќе ги користи финасиските средства од ЕУ фондовите: Европски земјоделски фонд за рурален развој (European agriculture fund for rural development) и Европски земјоделски гарантен фонд (European agriculture guarantee fund).

Во претпристапниот период на РСМ во ЕУ, АФПЗРР има за цел континуирано да се развива и усовршува со цел да овозможи правилна распределба на финансиските средства на македонските фармери, преработувачките индустрии и другите субјекти, од националниот буџет и ЕУ фондовите.

АФПЗРР преку имплементирање на долгорочниот план за развој, со системска поддршка на земјоделството и руралниот развој како и со континуиран развој на организацијата ќе стане централен елемент кој ќе ги поврзува институциите на ЕУ, РСМ и крајните корисници на средствата. Покрај работните задачи кои се однесуваат на исплаќање на финансиските средства дополнително извршува и информирање, образување, советување на владините и невладините организации како и на претпријатијата во преработувачката индустрија.

АФПЗРР има статус на самостоен орган на државната управа со својство на правно лице и работи согласно националното и соодветното ЕУ законодавство.

Според Законот за основање на Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, АФПЗРР ги има следниве надлежности:

- спроведување на мерките за директни плаќања во земјоделството;
- интервенции на пазарот на земјоделски производи;
- имплементација на производните квоти;
- спроведување на мерките за рурален развој;
- реализација на средствата од претпристапната помош на ЕУ за рурален развој;
- спроведување на мерките за државна помош во земјоделството и
- вршење на други работи утврдени со закон.

Во составот на својата работа АФПЗРР спроведува административни и контроли на лице место за соодветноста на пристигнатите апликации за финансиска поддршка. Во процесот на проверка на апликациите извршува постојана контрола на чија основа го пресметува плаќањето односно ги определува сумите за плаќање согласно националното и европското

законодавство. Дополнително се грижи за правилно и навремено плаќање на средствата на крајниот корисник и за тоа ги известува владините институции на РСМ и институциите на ЕУ.

Во Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој постојат следниве сектори:

Сектор за општи и правни работи
Одделение за човечки ресурси
Сектор за директни плаќања во земјоделството
Сектор за одобрување на проекти
Сектор за одобрување на исплати
Сектор за контрола
Сектор за финансиски прашања
Сектор за информатичка и комуникациска технологија
Сектор за внатрешна ревизија
Сектор за регистри
Сектор за аналитика и поддршка на работата на директорот

Агенцијата во рамките на своите надлежности и овластувања во 2020 година ги реализираше следните програми:

1. Програма за финансиска поддршка во земјоделството за 2020 година
2. Програма за финансиска поддршка на руралниот развој за 2020 година
3. Програма со мерки за унапредување на рибарството и аквакултурата во 2020 година
4. ИПАРД Програмата 2014-2020

Планираната програма за работа за 2020 година беше обемна и бараше голем ангажман на човечките капацитети. При реализација на програмата за работење се јавуваа проблеми од кадровска и финансиска природа.

2. ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА СЕКТОРИТЕ

2.1. Сектор за општи и правни работи

Секторот за општи и правни работи е одговорен за извршување на сите активности утврдени со Актот за систематизација, законските и подзаконските акти и внатрешните процедури за работа на Агенцијата, во делот на изготвување на правни мислења, решенија, заклучоци, договори, законски и подзаконски акти .

Сектрот за општи и правни работи во текот на 2020 година ги реализираше следниве активности:

-Изготвување на обрасци на договори за финансиска поддршка кои се склучуваат со корисниците на средства од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2020 година, одделно по мерки, како и за Програмата за рибарство и аквакултурта за 2020годинà;

-Изготвување на обрасци на решенија, заклучоци и други правни акти кои се носат во постапката за одобрување на средства од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2020 година, Програмата за финансиска поддршка на земјоделството за 2019 година и Програмата за рибарство и аквакултурта за 2020 година;

-Координирање на изготвувањето на Упатствата за спроведување на Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2020 година кои ги изготвуваа секторите од Агенцијата;

-Редовно следење на законодавството на Република Северна Македонија преку назначување на одговорно лице за дневно електронско следење на објавувањето на нови акти преку веб страницата на Службен весник на Република Северна Македонија и веб страницата на EU Official Journal и за истото ги известува останатите вработени во Агенцијата;

- Одговарање на приговори кои се доставуваат до Агенцијата , одговор на претставки доставени до Народниот правобранител на РМ и Управниот инспекторат;

-Изготвување на одговори на тужби за управни спорови заведени против решенијата на Агенцијата пред Управниот суд, изготвување на жалби против пресуди, изготвување на одговор на жалби, застапување во парничните постапки кои ги води Агенцијата зедно со Државното правобранителство на РМ, поднесување на кривични пријави до Основното јавно обвинителство, претставување на Агенцијата во кривични и истражни постапки каде Агенцијата се јавува како оштетена страна;

-Изготвување на договори за соработка кои Агенцијата ги склучува со дуги органи на државна управа и стопански здруженија;

-Започнување на извршни постапки преку Државното правобранителство заради наплата на парични побарувања односно извршуавање на решенијата за поврат на средства, редовно следење на постапката во комуникација со Државното правобранителство и надлежните извршители;-

-Канцелариско и архивско работење;

- Доследно и навремено евидентирање на поштата која пристигнува;

Одделението за јавни набавки, согласно Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места во Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, претставува организациски облик во чии рамки се вршат работи од областа на јавните набавки за потребите на Агенцијата и имплементација на мерки од претпристапната помош на Европската унија за рурален развој кои се спроведуваат според PRAG (Практичен водич за постапките за склучување договори за надворешните активности на Европската унија). Од 2014 година, Одделението е дел од Секторот за општи и правни работи.

Во текот на 2020 година Одделението за јавни набавки спроведе активности во рамки на своите надлежности, а во согласност со Годишниот план за работа на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој.

Во однос на кадровската екипираност, во текот на 2020 година, работните задачи и активности во Одделението за јавни набавки ги извршуваа вкупно – 4 вработени на следните работни позиции:

- Раководител на одделение
- Советник за имплементација на мерките што се спроведуваат според PRAG (2 извршители) и
- Помлад соработник за имплементација на мерките што се спроведуваат според PRAG (1 извршители).

Одделението за јавни набавки во текот на 2020 година, врз основа на утврдените извори за финансирање, а во согласност со Годишниот план за јавни набавки во 2020 година, спроведе 35 (триесет и пет) постапки за јавни набавки од Годишниот план за јавни набавки. Во зависност од проценетата вредност на договорите беа спроведени различни видови на постапки, согласно Законот за јавни набавки и тоа :

- 5 отворени постапки;
- ;
- 17 набавки од мала вредност
- 8 постапки со поедноставена отворена постапка и
- 5 постапка со преговарање без објавување на оглас

За склучените договори одделението за јавни набавки води евиденција во ЕСЈН на БЈН и ги објавува сите барани информации.

Одделението за јавни набавки, исто така води евиденција на барањата за набавки за потребите на Агенцијата, чиј вкупен износ месечно не е поголем од 1000,00 евра во денарска противвредност без данок на додадена вредност и за истите води евиденција на ЕСЈН.

Во текот на месец декември 2020 година и месец јануари 2021 година, врз основа на утврдените извори за финансирање подготвен е план за вкупните потреби за набавки за наредната година по стоки, услуги и работи - Годишен план за јавни набавки во 2021 година, со кој се определени и очекуваниот почеток на постапката, проценетата вредност на договорот и видот на постапката за доделување на договорот.

Во 2020 година во Одделението за јавни набавки беа доставени четири апликации од мерката Техничка помош. Одделението за јавни набавки во текот на 2020 година спроведуваше активности во врска со апликациите доставени во 2019 година.

2.2. Сектор за директни плаќања во земјоделството

Секторот за директни плаќања во земјоделството, во рамките на своите надлежности, во 2020 година учествуваше во реализација на Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2020 година при што се реализираа следните активности:

I Подготвителни активности за имплементација на Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2020 година

1. Учествуваше во подготовка на Предлог-план за работа на АФПЗРР
2. Учествуваше во подготовка на Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2020 година.
3. Учествуваше во подготовка на Уредбата за поблиските критериуми за директни плаќања, корисниците на средства, максималните износи и начинот на директните плаќања за 2020 година.
4. Подготви Правилник за начинот и постапката за спроведување на Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2020 година.
5. Подготви Одлука за за утврдување на документите за извршување на директните плаќања во земјоделството за 2020 година
6. Учествуваше во подготовка на техничка спецификација за надградба на софтверот за директни плаќања,
7. Учествуваше во тестирање на софтверот за директни плаќања,
8. Подготви Упатство за работа на Секторот за директни плаќања во земјоделството,
9. Подготви образци за поднесување на барања,
10. Подготви Одлука за утврдување на листата на потребни документи,
11. Подготви упатства за корисниците,
12. Соработуваше со институции кои се одговорни за водење на регистри и евиденции (Министерство за земјоделство, шумарство иводостопанство, Агенција за храна и ветеринарство, откупувачи на земјоделски производи).

II Активности за имплементација на Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2020 година

а) Го координираше и следеше приемот на барања за директни плаќања. Со цел обезбедување помош на барателите при поднесување на електронското барање Агенцијата создаде наменски службени е-меил адреси на кои корисници се вработените во ПЕ на МЗШВ преку кои можат да го активираат линкот за создавање и поднесување на електронското барање. Исто така за мерките од растително и сточарско производство, за кои земјоделските стопанства самостојно ги поднесуваа барањата, СДПЗ овозможи целосна поддршка на странките со помош при пополнување на барањата.
б) Во текот на 2020 година изврши административна обработка на примените барања и истата продолжи и во 2021 година.
в) Подготви и достави известувања за некомплетност за секое примено барање кое е некомплетно и му утврди рок за докомплетирање.
г) Изврши пресметка на висина на директни плаќања по електронски пат преку софрверското решение
д) Изврши подготовка на решенија
ѓ) Подготви анализи и извештаи врз основа на податоците од поднесените барања

Во рамките на роковите утврдени со закон, се реализираа следните групи на мерки:

- Мерки за поддршка на доходот на земјоделските стопанства
  - Директни плаќања за растително производство
  - Директни плаќања за сточарско производство
- Мерки за дополнителна поддршка за развој на земјоделството (државна помош во земјоделството)
  - Помош за премии за осигурување
  - Помош за заштита на земјоделското земјиште
  - Помош за одделни категории носители на земјоделско стопанство
  - Помош во сточарскиот сектор
  - Финансиска поддршка за складирање на пченица од домашно производство од род 2019 година
  - Помош за поддршка на трошоците за набавка на гориво за земјоделска механизација

III Други активности

- Соработка со останатите сектори во АФПЗРР:
  - Соработуваше со Секторот за информатичка и комуникациска технологија во делот на подготовка на софтверско решение за директни плаќања, проверка на веродостојноста на личните податоци во КИБС и подготовка на писмените за достава до хибридна пошта,

- Соработуваше со Секторот за финансиски прашања во делот на достава на решенија за одобрување, усогласување на одобрените и извршените исплати,
- Соработуваше со Секторот за контрола во делот на добивање на податоци од извршените контроли на самото место,
- Соработуваше со Секторот за општи и правни работи во делот на консултации во подготовка на акти на Агенцијата (упатства, обрасци, листа на документи, темплејти на решенија),
- Подготви и изврши достава на одговори по доставени претставки
- Учествуваше во подготовка на образложенија по доставени тужби.

2.3. Одделението за управување со човечки ресурси

I. Вовед

Одделението за управување со човечки ресурси (ОУЧР), во 2020 година, своите работни задачи и активности ги извршуваше врз основа на целите и приоритетите утврдени во Стратешкиот план на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој (АФПЗРР) за периодот 2020 – 2022 година и Планот за работа на АФПЗРР за 2020 година. Во тој поглед, главните работни активности на ОУЧР во 2020 година беа насочени кон следните области:

- спроведување на постапки за нови вработувања/унапредувања на административни државни службеници и ангажирање на вработени на определено време или на договор на дело во АФПЗРР,
- координација и спроведување на обуки за вработените во АФПЗРР,
- грижа за остварување на правата и обврските од работен однос на вработените,
- подготовка на документи кои се однесуваат на акредитација на нови мерки од ИПАРД Програмата и останати документи поврзани со работата на ОУЧР, како и доставување на документи за потребите на внтрешни и надворешни ревизии на работењето на ОУЧР и
- други стручно – административни работи поврзани со реализацијата на надлежностите од делокругот на работа на ОУЧР.

Врз основа на вака утврдените области на работа, изработен е овој извештај кој има за цел да го информира и запознае управувачкиот тим на АФПЗРР за извршените работни задачи на ОУЧР за 2020 година.

Како напомена, од месец март, 2020 година, поради пандемијата со вирусот Ковид-19 и заштитните мерки на Владата на Република Северна Македонија (ВРСМ), во АФПЗРР се работеше со редуцирано работно време, а некои категории на вработени беа ослободени од работа во одредени периоди на годината.

II. Спроведување на постапки за нови вработувања/унапредувања и ангажирање на волонтери

Во првиот квартал на 2020 година, во АФПЗРР беше спроведена 1 (една) постапка за вработување на неопределено време согласно Планот за вработување за 2019 година и преку истата беа вработени 2 (двајца) административни државни службеници (претходно вработени на определено време). Поради пандемијата со вирусот Ковид-19 и мерката на ВРСМ за забрана на нови вработувања на неопределено време, во 2020 година не се реализираа постапки за вработување согласно Планот за вработување за 2020 година.

Во однос на другите категории на вработени во АФПЗРР, во текот на 2020 година, беа реализирани 4 (четири) постапки за ангажирање или продолжување на договорите на 20 лица вработени на определено време. Од овие 20 лица вработени на определено време, 10 беа нововработени во 2020 година т.е. во претходните години не беа вработени во АФПЗРР. Истотака, во 2020 година, во насока на извршување на тековните работи на АФПЗРР во однос на реализацијата на националните програми за земјоделство и рурален развој, беа продолжени договорите на дело на 15 лица ангажирани во 2019 година.

Во 2020 година, согласно член 9 од Законот за изменување и дополнување на Законот за административните службеници („Службен весник на Република Северна Македонија" број 14/2020), беа спроведени постапки за распоредување на 6 (шест) административни државни службеници од категоријата на помошно-стручни административни службеници на работни места со звање помлад соработник.

Дополнително, во месец октомври, 2020 година, од страна на ВРСМ беше назначен нов заменик директор на АФПЗРР, а во месец декември, 2020 година беше назначен нов директор на АФПЗРР.

Во текот на 2020 година, од различни причини, 5 административни државни службеници (3 советници, 1 помлад соработник и 1 самостоен референт) ја напуштија Агенцијата.

На крајот од 2020 година, во АФПЗРР беа вработени вкупно 236 лица и тоа: директор, заменик директор, 197 административни државни службеници, 2 лица вработени на неопределено време согласно Законот за работни односи, 20 лица вработени на определно време и 15 лица ангажирани на договор на дело. Од нив, 123 лица работеа на реализација на ИПАРД Програмата 2014-2020 (112 административни државни службеници и 11 лица вработени на договор на дело).

Од 197 административни државни службеници, 162 или 83,24% се припадници на македонската етничка заедница, 31 или 15,73% се припадници на албанската етничка заедница, 1 или 0,5% е припадник на турската етничка заедница, 1 или 0,5% е припадник на бошњачката етничка заедница и 2 или 1% се други (1 од влашката етничка заедница и 1 од хрватската етничка заедница). Истотака, овие 197 административни државни службеници беа распоредени во следните звања:

државен советник – 1 извршител, раководител на сектор – 8 извршители, помошник раководител на сектор – 6 извршители, раководител на одделение – 18 извршители, советник – 30 извршители, виш соработник – 22 извршители, соработник – 4 извршители, помлад соработник – 100 извршители, самостоен референт – 6 извршители, референт – 1 извршител и помлад референт – 1 извршител.

Во август, 2020 година беа изработени Анализа за обем на работа и План за вработување за 2021 година во поглед на реализацијата на ИПАРД Прорамата 2014-2020 и беше утврдена потреба од вработување на 27 нови административни државни службеници во звање помлад соработник и унапредување на 30 постоечки административни државни службеници во АФПЗРР. Овие потреби за вработување и унапредување беа доставени до Министерството за финансии.

Во текот на месец јануари и месец јули, 2020 година, согласно Законот за административни службеници, беа изработени и доставени до Министерството за информатичко општество и администрација и Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците, полугодишни извештаи за реализација на Планот за вработување на АФПЗРР.

III. Координација и спроведување на обуки

Врз основа на Програмата за обуки за 2020 година, во текот на годината беа реализирани обуки на кои што присуствуваа вработени од АФПЗРР, како и други обуки на кои беа поканети вработени од АФПЗРР.

Во истата насока (стручно оспособување и усовршување), во четвртиот квартал од 2020 година, ОУЧР го координираше и спроведе процесот на утврдување на теми за обука кои би се реализирале преку TAIEX инструментот во 2021 година, и истите беа доставени до надлежниот координатор во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

За сите реализирани обуки за вработените во АФПЗРР, ОУЧР, во текот на годината водеше посебна евиденција. Дополнително, во текот на 2020 година, во месец јануари и месец јули, согласно Законот за административни службеници, ОУЧР изработи и достави до Министерството за информатичко општество и администрација полугодишни Извештаи за спроведени специјализирани обуки во АФПЗРР.

IV. Грижа за остварување на правата и обврските од работниот однос

Во текот на 2020 година, преку координација на надлежните сектори, беше спроведен процесот на оценување на административните државни службеници во АФПЗРР согласно постапката утврдена во Законот за административни службеници. Врз основа на добиените резултати, ОУЧР изработи извештаи, кои беа усвоени од страна на директорот на АФПЗРР и доставени до Министерството за информатичко општество и администрација.

Истотака, во текот на 2020 година, ОУЧР, како и во претходните години, водеше грижа за остварувањето на правата од работен однос на вработените во АФПЗРР. При тоа, во најголема мерка се водеше сметка за остварувањето на правото на годишен одмор на вработените за која цел беше изработен План на одмори, врз основа на добиените барања од вработените во АФПЗРР. Врз основа на Планот за одмори, на почетокот на вториот квартал од 2020 година беа изработени решенија за користење на одмор за административните државни службеници во АФПЗРР. За користењето на правото на одмор, ОУЧР водеше посебна евиденција.

Во насока на извршување на своите надлежности, ОУЧР, како и претходната година, водеше евиденција за присуството/отсуството на вработените во АФПЗРР, преку контрола на системот за влез/излез во АФПЗРР. Податоците за присуството/отсуството на административните државни службеници беа доставувани до Секторот за финансиски прашања за потребите на подготовка на личните примања на вработените. Исто така, преку водење на содветна евиденција, се водеше сметка за прекувремената работа и преку неа за соодветно остварување на правото на надоместоци на административните државни службеници од прекувремена работа.

Во текот на 2020 година, се водеше грижа и за остварување на правата на административните државни службеници од здравствено осигурување (евиденција на боледувања, породилни отсуства, спреченост за работа итн.), како и грижа за навремено пријавување во Фондот за здравство на членовите на нивните семејства осигурени преку нив.

Дополнително, во текот на 2020 година, во АФПЗРР не беа спроведени постапки за дисциплинска одоговорност, а за 2019 година, на почетокот од годината беше изработен и доставен годишен Извештај за изречени мерки за утврдена дисциплинска и материјална одговорност до Министерството за информатичко општество и администрација.

V. Подготовка на документи и ревизии на работењето на ОУЧР

Во текот на 2020 година, ОУЧР учествуваше и соработуваше при реализацијата на повеќе ревизии на работењето на АФПЗРР. Ревизиите беа спроведени од страна на внатрешната ревизија на АФПЗРР, Телото за ревизија и Националниот фонд.

Дополнително, ОУЧР беше вклучен и при проверките за почитување на ISO стандардот и активностите за негово надградување.

VI. Други активности

Покрај ова, во 2020 година, ОУЧР ги реализираше и следните активности:

- подготовка на Извештај за работата на ОУЧР за 2019 година и План за работа на ОУЧР за 2021 година,

- координација и реализација на службени патувања на вработените во АФПЗРР,
- спроведување на постапка за набавка на услуги за колективно осигурување на вработените во АФПЗРР,
- спроведување на постапка за набавка на услуги за здравствени прегледи на вработените во АФПЗРР,
- подготовка на Регистер на ризици и полугодишни Планови на активности за намалување или отстранување на нивното влијание при реализацијата на активностите во ОУЧР,
- водење на персоналните досиеја на вработените во АФПЗРР,
- учество во воспоставувањето на систем за заштита на личните податоци при работењето во АФПЗРР и
- доставување на извештаи до НФ во однос на промената на бројот на вработени во АФПЗРР.

2.4. Сектор за одобрување на проекти

I. ИПАРД Програма 2014-2020

Во изминатиот период Секторот за одобрување на проекти ги извршуваше своите тековни активности во поглед на административна обработка на барањата од јавните повици 01/19 и 02/19 от повик 01/2020. Исто така учествуваше во подготовката на документите потребни за објавување на јавниот повик за мерката 1 01/20 како и во кампањата за публицитет на мерката.

Кратко резиме на процесот за одобрување на проекти за мерките 1, 3 и 7

1. Првиот јавен повик беше објавен на 04.10.2019 година и траеше до 03.12.2019 година, а во текот на 2020 година се вршење обработкас на предметите, во табелата подолу е даден пресек на сите пристигнати, одбиените и одобрените барања по мерки како и вкупната побарана сума за кофинансирање:

Оглас 01/2019

Measure	Sector	Total number of applications	Total requested amount	No. of rejected applications	Main reason for rejection of applications	No. of contracted projects (decision for alocation of funds is issued)	Total Public Expenditure of the contracted projects	Total Public Expenditure -IPARD II contribution of the contracted projects
7	1	103	892.404,27 €	50		18	45.771,00 €	34.328,25 €
7	2	23	3.050.807,57 €	14		3	351.614,00 €	263.710,50 €
7	3	75	26.009.749,89 €	51		9	1.540.839,00 €	1.155.629,25 €
7	4	1	31.863,36 €	1	Incomplete applications	0		- €
7	5	8	64.583,08 €	6		1	10.614,00 €	7.960,50 €
7	6	10	2.887.858,04 €	8		0		- €
7	7	40	10.492.062,69 €	29		5	1.170.693,00 €	878.019,75 €
7	8	1	455.042,91 €	1		0		- €
Total on 31.12.2020		261	43.884.371,81 €	160		36	3.119.531,00 €	2.339.648,25 €

Оглас 02/2019

Measure	Sector	Total number of applications	Total requested amount	No. of rejected applications	Main reason for rejection of applications	No. of contracted projects (decision for alocation of funds is issued)	Total Public Expenditure of the contracted projects	Total Public Expenditure -**IPARD II contribution** of the contracted projects
3	1	2	977.921,71 €			1	813.252,00 €	609.939,00 €
3	2	9	902.131,31 €	2	Incomplete applications	7	560.013,00 €	420.009,75 €
3	3	35	8.204.008,00 €	4		15	5.311.545,00 €	3.983.658,75 €
3	4	5	1.861.695,11 €	1		3	82.365,00 €	61.773,75 €
3	6	10	4.817.982,38 €	2		6	1.761.527,00 €	1.321.145,25 €
Total on 31.12.2020		61	16.763.738,51 €	9		32	8.528.702,00 €	6.396.526,50 €

Оглас 01/2020

Measure	Sector	Total number of applications	Total requested amount	No. of rejected applications	Main reason for rejection of applications	No. of contracted projects (decision for alocation of funds is issued)	Total Public Expenditure of the contracted projects	Total Public Expenditure -**IPARD II contribution** of the contracted projects
1	1	728	14.130.491,00 €	206		12	43.895,00 €	32.921,25 €
1	2	16	5.560.360,00 €	7	Incomplete applications	0	- €	- €
1	3	3	1.319.200,00 €	1		0	- €	- €
1	4	1	2.162,00 €	1		0	- €	- €
Total on 31.12.2020		748	21.012.213,00 €	215		12	43.895,00 €	32.921,25 €

Од табелата може да се увиди дека на јавниот повик се пристигнати многу поголем број на барања во однос на претходните огласи и истиот е многу поголем во однос на човечките капацитети на секторот. Побараната сума за кофинансирање е над расположливиот буџет од мерките од ИПАРД Програмата.

Согласно последните измени на процедурите за работа на Секторот за одобрување на проекти направфени согласно измените на Законот за основање на АФПЗРР, само барањата кои ја содржат комплетната документација од јавниот повик се предмет на обработка. Како главни проблеми сеуште остануваат недоволниот човечки капацитет за извршување на сите предвидени активности како и потребите за обуки за новите и постојните вработени. Големо влијание во однос на каснењето на обработката на предметите од сите јавни повици претставува појавата на пандемијата КОВИД-19, со што се превземаа мерки од страна на Владата на Р.С. Македонија за превенција на ширење на вирусот кои меѓу другото предвидуваа и сеуште предвидуваат рестрикции во однос на работното време на вработените како и отсуство на одредени категории на вработени во време на вонредната состојба прогласена од страна на Владата.

Бројот на вработени по одделенија во СОП е следен:

Одделение за подобрување на конкурентноста во земјоделството 12 + 1 раководител.

Одделение за одобрување на инвестиции за преработка и маркетинг на земјоделски и рибни производи 5+1 раководител

Одделение за развој на руралните средини 7+1 раководител

2. Во текот на 2020 година беа склучени сите договори за соодветните барања за мерките 1 и 3 за јавните повици 01/2019 и 02/2019:

- за мерка 3 " Инвестиции во материјални средства за преработка и маркетинг на земјоделски и рибни производи" склучени се вкупно 32 договори со вкупна финансиска поддршка од 8.528.702 евра односно 6.396.526 евра ЕУ учество.

- за мерка 7 "Диверзификација на фармите и развој на бизниси", склучени се вкупно 36 договори со вкупна финансиска поддршка од 3.119.531 евра односно 2.339.648 евра ЕУ учество.

Најчестите причини за одбивање за досега одбиените барањата од мерка 3 и 7 во овие јавни повици се:

- Барателот не доставил дополнителна документација согласно списокот на документи од јавниот повик
- Барањето не е соодветно за кофинансирање
- Доставените понуди не се прибрани од независни понудувачи
- економиски не оправдана инвестиција сиогласно проценката на деловниот план
- несоодветна големина на субјект која што големина согласно ИПАРД Програмата 2014-2020 и Секторската спогодба потребно е да се проверува применувајќи ја ЕУ препораката за проверка на големина на субјект 2003/361/ЕС.

На 29.02. 2020 година беше објавен јавен повик 01/20 за користење на средства од ИПАРД Програмата 20014-2020 за мерката 1. Истиот беше пролонгиран за доставување на барања до 03.08.2020 согласно Уредбата со законска сила за примена на законот за основање на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој за време на вонредна состојба (Службен весник на РМ, бр.97/09.04.2020). Во табелата погое е даден пресек на пристигнатите барања а во текот на 2021 се планира потпишување на договорите на сите соодветни апликации во рамките на расположливиот буџет. Со овој јавен повик се исцрпени сите расположливи средства од мерката од целиот прогамски период 2014-2020.

Програма за финансиска поддршка на руралниот развој за 2020 година

Број на поднесени барања
Агенцијата за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој во текот на 2020 година распиша два Јавни повици за доставување на барања за користење на средства/ барања за исплата на средства од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2020 година, од кои Секторот за одобрување

исплата објави еден јавн повик и Сектор за одобрување на проекти објави еден јавен повик за следниве мерки од Програмата:

- Јавен повик 01/2020
Јавен повик 01/2020 објавен на 10.02.2020 година за мерка 113 Поддршка за поттикнување на земјоделското производство . Краен рок за доставување барања беше 10.03.2020 година.
- Пристигнати вкупно 380 барања со
- Одобрени се 266 баратели со вкупна сума од 187.000.000,00 денари

Програма за финансиска поддршка на рибарството и аквакултурата за 2020 година

Исто така, Секторот за одобрување на проекти објави еден јавен повик од Програмата за финансиска поддршка во рибарството и аквакултурата за 2020 година

- Јавен повик 01/2020
Јавен повик 01/2020 објавен на 22.02.2020 година за Мерка 2 Финансиска поддршка во аквакултурата, Потточка 2.2 Финансиска поддршка за инвестиции во аквакултура. Краен рок за доставување на барањата за исплата на средства беше 22.03.2020 година. Пристигнати се вкупно 12 барања. Издадени се 8 решенија со вкупна сума од 14.232.722,00 денари.

Покрај јавните повици кои што беа објавени во 2020 година, Сектор за одобрување на проекти ги обработи заостанатите аоликации по Програма за финансиска поддршка во руралниот развој за 2019 година, како и потпишување на договори за мерките 321 - Подобрување на квалитетот на живот во рурални средини, мерка 322 – Обнова и развој на селата, мерка 323 – Зачувување и унапредување на традиционалните вредности во руралните подрачја, мерка 124 – Пристап до земјоделско земјиште, мерка 2 – Субвенционирање на каматна стапка, мерка 121.4 – Набавка на трактори, како и обработка на барањата за мерка 115 – Поддршка за активен женски член во земјоделското домаќинство.

2.5. Сектор за одобрување на исплата

Програма за финансиска поддршка на руралниот развој за 2019 2020 година

Број на поднесени барања
Агенцијата за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој во текот на 2019 2020 година распиша седум два Јавни повици за доставување на барања за користење на средства/ барања за исплата на средства од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2019 2020 година, од кои Секторот за одобрување исплата објави три еден јавни јавен повици повик за следниве мерки од Програмата:

- Јавен повик 01/2019
Јавен повик 01/2019 објавен на 05.02.2019 година за мерка 121 Инвестиции во модернизација на земјоделски стопанства. Краен рок за доставување барања беше 28.02.2019 година.
-Подигнување на нови овошни и лозови насади
Примени се вкупно 71 барање за исплата на износ од 4 милиони денари побарана сума.
-Набавка на добиток од признати организации на одгледувачи
Пристигнати 10 барања за исплата со вкупен побаран износ за исплата од 1,7 милиони денари.

-Јавен повик 05/2019
Јавен повик 05/2019 објавен на 22.06.2019 година за мерка 131 Економско здружување на земјоделски стопанства за заедничко вршење на земјоделска дејност. Краен рок за доставување барања беше:
- за прво полугодие најдоцна до 15 јули 2019 година;
- за второ полугодие најдоцна до 15 јануари 2020 година.

За финансиска поддршка за основање и функционирање на земјоделските задруги пристигнати се 9 барања за исплата.

-Јавен повик 06/201902/2020
Јавен повик 026/2019 2020 објавен на 17.09.201920.06.2020 година за мерка 121 Инвестиции во модернизација на земјоделски стопанства. Краен рок за доставување на барања беше до 01.10.201915.07.2020 година.
- Набавка на пчелни матициод одобрени одгледувалишта на пчелни матици согласно Закон за сточарство
Примени се вкупно 6 барања за исплата на износ од 48 илјади денари побарана сума.
-Набавка на педигрирани чистокрвни или хибриди свињи (нерези и назимки) од увоз или од признати организации согласно Законот за сточарство

Примени се вкупно 21 6 барање за исплата на износ од 4,71 милиони денари побарана сума.

Програма за финансиска поддршка на рибарството и аквакултурата за 2018 2020 година

Исто така, Секторот за одобрување исплата објави три два јавни повици од Програмата за финансиска поддршка во рибарството и аквакултурата за 2019 2020 година, од кои што Јавниот повик 0203/2019 2020 е објавен заедно со Сектор за одобрување на проекти. Имено, беа објавени јавни повици за следниве мерки од Програмата:

- Јавен повик 012/2019 2020
Јавен повик 0102/2019 2020 објавен на 26.06.201919.05.2020 година за Мерка 2 Финансиска поддршка во аквакултурата, Потточка 2.2 Финансиска поддршка за порибителен материјал и Потточка 1.6 Финансиска поддршка за вршење на дополнителна заштита на рибите.
Краен рок за доставување на барањата за исплата на средства беше 15.06.2020 година, за насадување на рибниците во период од 01 февруари до 31 мај 2020 година.

Краен рок за доставување на барањата за исплата на средства беше 15.06.2020 година, за вршење на дополнителна физичка заштита во период во период од 01 ноември до 31 мај 2020 година Краен рок за доставување на барањата за исплата на средства беше 15.07.2019 година, за насадување на рибниците во период од 01 февруари до 30 мај 2019 година.

- Јавен повик 03/2019 2020
Јавен повик 03/2020 објавен на 10.11.2020 година за Мерка 2 Финансиска поддршка во аквакултурата, Потточка 2.2 Финансиска поддршка за порибителен материјал и Потточка 1.6 Финансиска поддршка за вршење на дополнителна заштита на рибите.
Краен рок за доставување на барањата за исплата на средства беше 30.11.2020 година, за насадување на рибниците во период од 01 јули до 30 септември 2020 година

Краен рок за доставување на барањата за исплата на средства беше 30.11.2020 година, за вршење на дополнителна физичка заштита во период во период од 01 април до 15 јули 2020 година . ¬¬¬¬¬

Јавен повик 03/2019 објавен на 08.10.2019 година за Мерка 2 Финансиска поддршка во аквакултурата, Потточка 2.2 Финансиска поддршка за порибителен материјал. Краен рок за доставување на барањата за исплата на средства беше 15.07.2019 година, за насадување на рибниците во период од 01 јули до 30 септември 2019 година.

Покрај јавните повици кои што беа објавени во 2019 2020 година, Секторот за одобрување на исплата ги обработи апликациите од Програмата за финансиска поддршка во руралниот развој и Програма за финансиска поддршка на рибарството и аквакултурата кои беа доставени по основ на склучен договор за финансика поддршка, како и барањата за исплата по однос на Програмата за финансиска поддршка од претходните години.
Секторот за одобрување исплата, ги обработи и барањата кои се спроведуваат без јавен повик, по добиено Известување од страна на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Фондот за иновации и издаде соодветни решенија.

Исплати од ИПАРД Програма

Во текот на 2020 година пристигнаа 577 барања за исплата, при што одобрени за исплата беа 415 барања за исплата, од кои 44 барања за исплата се пристигнати во 2019 година..9 барања за исплата одбиени и 9 договори за финансика поддршка раскинати.

Примени барања за исплата во 2020 година.
мерка 1- 547 барања за исплата
мерка 3- 21 барања за исплата
мерка 7- 9барања за исплата

Одобрени барања за исплата во 2020 година.
Мерка 1- 382 барања за исплата
Мерка 3- 27барања за исплата
Мерка 7- 6 барања за исплата

2.6. Сектор за контрола

Согласно Законот за земјоделство и рурален развој, Законот за основање на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, Правилникот за систематизација на работните места во АФПЗРР и Правилникот за внатрешна организација на АФПЗРР, Секторот за Контрола на терен при АФПЗРР, во периодот од 01.01.2020 до 31.12.2020 ги изврши следниве активности:

1. Контроли на самото место кај инвестиции од ИПАРД Оперативната Програма 2007-2013 и ИПАРД 2 2014-2020

Пред одобрување:

- Извршени се вкупно 530 контроли на самото место пред одобрување од јавните повици 19/01, 19/02 и 20/01 од ИПАРД 2 2014-2020, од кои 373 контроли кај инвестиции од Мерка 1 - Јавен повик 18/02 и 20/01, 53 контроли кај инвестиции од Мерка 3 - Јавен повик 18/01 и 19/02 и 104 контроли кај инвестиции во Мерка 7 – Јавен повик 19/01.

Пред исплата:

- Извршени се вкупно 564 контроли на самото место пред исплата кај инвестиции од јавните повици 17/01, 18/01 и 18/02 од ИПАРД 2 2014-2020 од кои 536 контроли кај инвестиции од Мерка 1 – Јавен повик 17/01 и 18/02; 23 контроли кај инвестиции од Мерка 3 – Јавен повик 17/01 и 18/01 и 4 контроли кај инвестиции во Мерка 7 – Јавен повик 17/01.

После исплата:

- Извршени се 341 контроли на самото место после исплата кај инвестиции од ИПАРД Оперативната програма 2007-2013 и ИПАРД 2

2014-2020 од кои 336 контроли кај инвестиции од Мерка 101/Мерка 1, 4 контроли кај инвестиции од Мерка 103/Мерка 3 и и 1 контрола кај инвестиции од Мерка 302/Мерка 7.

Контроли на самото место за утврдување скриени работи:

- Извршени се вкупно 6 контроли за утврдување на скриени работи и тоа 1 контрола кај инвестиции од Мерка 1, 1 контрола кај инвестиции од Мерка 3 и 4 контроли кај инвестиции од мерка 7.

Извршени се и 6 контроли по потпишување договор, но пред да се достави барање за исплата по Мерката Техничка Помош.

Како најчести неусогласености, односно разлики или наоди кои се без поголемо финансиско влијание на инвестицијата утврдени при контролите на самото место во 2020 може да се издвојат следниве:

Пред одобрување:

Најголем број контроли се однесуваа на набавка на земјоделски трактори и механизација.

Најчести наоди утврдени при извршување контроли на лице место се следниве:

- постоечка опрема или земјоделска механизација слична или иста на предметната, која не е наведена од страна на барателите (во деловен

план, технички предлог проект или сметководствена евиденција), а е констатирана на лице место;

- разлики во пријавените култури на парцелите со кои аплицираат барателите;

- разлики во површини под култура (имотен лист, СИЗП, ЕРЗС и констатирана на лице место);

- започнат дел од инвестицијата или целосно започната инвестиција (дел од барателите поради потреба од опремата и долгиот период на одобрување на проектот ја набавиле механизацијата или поставиле систем капка по капка пред да потпишат договор за финансиска поддршка со АФПЗРР, при што таа опрема/механизација повеќе не е предмет на инвестиција)

- откажување од инвестицијата пред да започне контролата (барателот дава изјава дека се откажува од инвестицијата, како најчеста причина е долгиот рок на обработка, заминување во странство и сл).

Пред исплата:

- разлики во технички карактеристики на набавената опрема помеѓу договор, фактура и контрола на лице место и најчеста причина за овие разлики се од технички причини односно грешки направени при издавање на потребна документација за опремата од страна на добавувачот/производителот;

-отсуство на одредени податоци да бидат видно означени на самата опрема (година на производство, земја на потекло, сериски број, модел), а во одредени случаи не постоење на никакви ознаки (опрема и механизација без плочки со технички податоци - најчесто кај механизација и опрема од домашно производство);

- нефункционалност на дел или на целата опрема (опрема која при контролата е утврдена дека не е во функционална состојба односно дека

е расклопена во делови или не приклучена на електрична енергија или со одреден дефект) и во такви случаи се дава одреден рок истата да се стави во функција и повторно се врши контрола (сите корисници кај кои беше утврдена ваква состојба опремата ја ставија во функција);

- оштетена механизација/опрема при работа (корисниците доставуваат писмени докази дека е извршен сервис и дека дефектот е отстранет при што опремата/механизацијата се користи без проблеми);

Контрола за скриени работи:

Согласно процедурите на работа на СКТ за време на реализација на инвестициите посебно кога се работи за градежни работи се извршуваат контроли на лице место за време на реализација на одредени активности, т.н. контрола за скриени работи (за работи кои на крај на инвестиција нема да можат да се констатираат). Таков тип на контроли СКТ има извршено вкупно 5 во 2018 и сите се кај инвестиции од Мерка 3. При овие контроли се контролира градежната документација и се споредува со ситуацијата на лице место. Најчести наоди при овој тип на контроли се:

- некомплетна градежна документација за време на контролата- се работи за контроли кога и се одвиваат одредени градежни активности и се случува надлежните да не можат во моментот да обезбедат одредени документи. По одреден временски рок истите се доставуваат на контролорите.

Во досегашните контроли за скриени работи не се утврдени разлики во количина и тип на материјал помеѓу градежната документација и контролата на лице место.

По добиени наоди и согласно добиени препораки од ревизија на операции извршена од Ревизорско Тело, СКТ заедно со вешто лице од Бирото за Судски вештачења изврши контрола на лице место за опрема

за која согласно наодите постои сомнеж дека се работи за стара, односно втора рака опрема. Станува збор за корисник од мерка 3, од ИПАРД 2

2014-2020, јавен повик 18/01, ПРИМЕКС ДОО кој има набавено опрема за преработка на овошје и зеленчук.

При контролите на самото место место не се утврдени и пријавени нерегуларности.

Вкупно за ИПАРД 1 и ИПАРД 2 Програмите во 2020 година извршени се 1447 контроли на терен.

2. Контроли на самото место за Програмите за финансиска поддршка на руралниот развој и Програмите за финансиска поддршка во рибарството и аквакултурата

Извршени контроли на самото место пред одобрување:

- 3 контроли по Програмата за финансиска поддршка во рибарството и аквакултурата по мерки 2 - Финансиска поддршка во аквакултурата, подмерка 2.1, 2.2 и подмерка 2.3.

Извршени контроли на самото место пред исплата:

Извршени се вкупно 358 контроли на самото место пред исплата:

- 169 контроли кај инвестиции од мерка 121
- 8 контроли кај инвестиции од мерка 131
- 5 контроли кај инвестиции од мерка 112
- една контрола за мерка 124
- 139 контроли кај инвестиции од мерките 321, 322, и 323 и

- 36 контроли по Програмата за финансиска поддршка во рибарството и аквакултурата по мерки 2 - Финансиска поддршка во аквакултурата, подмерка 2.1, 2.2 и подмерка 2.3.

Извршени контроли на самото место после исплата:

Примерокот за контрола на самото место после исплата го утврдува Секторот за одобрување на исплата преку анализа на ризик.

Извршени се вкупно 237 контроли после исплата.

Извршени се 2 дополнителни контроли за ПРР.

Откриени разлики при контрола на самото место:

Според поднесените барања и констатираната фактичка состојба од контролите пред исплата кај мал број на (случаи) предмети е

констатирана разлика во бројот на садници и грла добиток од декларираниот и констатираниот на самото место.

Утврдени се разлики во контролите после исплата кај двајца корисници по мерка 121 за нови

лозови и овошни насади:

- отуѓена површината и земјоделското стопанство,
- неодржуван насад/инвестиција (од декларирани 793 садници констатрирани се 0 садници).

Утврдени разлики при контрола пред исплата кај еден корисник/општина каде инвестицијата - парково уредување не е изведена согласно проектот, договор и завршна ситуација.

По Програмите за финансиска поддршка на руралниот развој од сите типови контроли извршени се вкупно 561 контроли.

По Програмите за финансиска поддршка во рибарството и аквакултурата од сите типови контроли извршени се вкупно 39 контроли.

Вкупно контроли на самото место по ПРР и ПРА извршени се 600 контроли.

3. Контроли на самото место по мерки од Програмата за финансиска поддршка во земјоделството

Екстракција на примерок за контрола

- Примерокот на контрола на терен за програмата за директни плаќања во земјоделството за 2020 година се изврши на ниво на целата територија на Република Македонија и после екстракцијата е направена анализа на добиените барања во насока на проверка на исполнувањето на критериумите според ЗЗРР и утврдената методологија согласно законот. Во следните табели може да се видат бројот и процентот на

екстрактирани барањата според методот на екстракција и начинот на контрола:

			МЕРКА				
			МЕРКА 1 - Растително производство			МЕРКА 2 - Животинско производство	Вкупно по Мерка 1 и Мерка 2*[1]
			CwRS - контроли	Класични контроли	Вкупно раст.		
поднесени барања по мерки и вкупно поднесени барања			/	/	51492	21149	66322
Вид на избор на примерок за контрола	Случаен избор	бр.	660	0	660	137	797
		%	22%	/	22%	21.54%	21.91%
	Анализа на ризик	бр.	2341	0	2341	499	2840
		%	78.0%	/	78.0%	78.46%	78.09%
	Вкупно SW	бр.	3001	0	3001	636	3637
		%	100%	/	94.43 %	95.63%	94.64%
	ad hoc	бр.	0	177	177	29	206

		%	/	100%	5.57%	4.36%	5.36%
	Вкупно	бр.	3001	177	3178	665	3843
		%	94.43%	5.57%	6.17%	3.14%	5.79%
*[1] во овој дел сумирани се барателите кои се исконтролирани по мерка 1 и мерка 2 и има барателиот кои се исконтролриани и по двете мерки како и барателиот кои имаат поднесени барање и за двете мерки							

Контроли со далечински методи (сателитски снимки)

- Програма за финансиска поддршка во земјоделството за 2019 година:

Извршени се 137 брзи теренски посети и направени се 99 состаноци со барателите при што се презентирани резултатите од извршените контроли.

- Програма за финансиска поддршка во земјоделството за 2020 година:

За имплементација на Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2020 година дел од контролите се извршени со далечинско истражување т.е. со сателитски снимки (CwRS), кои се

набавени со сопствен буџет, за четири зони, Струмица, Свети Николе и Штип како една зона, Неготино и Кривогаштани..

Контролите за сите зони се извршуваат од страна на Секторот за контрола на терен.

ЗОНИ СО САТЕЛИТСКИ СНИМКИ ПФПЗ 2020	Број на барања во примерок за контрола	Број на СИЗП парцели предмет на контрола	RFV - брзи теренски посети (број на СИЗП)
Струмица	756	5227	450
Св.Николе/Штип	496	2235	122
Кривогаштани	410	3559	161
Неготино	1339	3535	84
Вкупно	3001	14556	817

Класични контроли на самото место

СКТ е одговорен за организација, подготовка и извршување на класичните контроли на самото место кај барателите од Програмите за финансиска поддршка во земјоделството и во 2020 година ги изврши следниве активности:

Програма за финансиска поддршка во земјоделството за 2019 година:

- 110 класични контроли на самото место – мерка 1 и 2,

- 42 контроли на самото место во регистриран откупувач на сурово млеко – млекари, при што се исконтролирани вкупно 1137 барателi,

подмерка 2.3. Директни плаќања за произведено и предадено кравјо, овчјо и козјо млеко ,

- 11 контроли на самото место во откупно – преработувачко претпријатие (подмерка 1.3. - оризова арпа), при што се исконтролирани вкупно 320 барателi,

- 12 контроли на самото место во регистрирано откупно преработувачко претпријатие при што се исконтролирани вкупно 119 барателi, подмерка 1.2. дополнителни директни плаќања од подмерка 1.1 за обработлива земјоделска површина со големина од 5 до 50 ха,

- 32 контроли на самото место во откупно - преработувачки капацитети

(подмерки 1.7. и 1.9), при што се исконтролирани вкупно 1492 барателi,

- 19 контроли на самото место во откупно – преработувачко претпријатие, при што се исконтролирани вкупно 1278 барателi, подмерка 1.20.а (грозје).
- 24 контроли во кланици (подмерки 2.4, 2.5, 2.13, 2.14, 2.15 и 2.21) при што се исконтролирани вкупно 2230 барателi.

Програма за финансиска поддршка во земјоделството за 2020 година:

- 842 класични контроли на самото место – мерка 1 и 2,
- 9 контроли на самото место во регистрирано откупно-преработувачко претпријатие при што се исконтролирани вкупно

1488 барателi, Директни плаќања за произведен и продаден суров тутун од реколта 2019 година.

Дополнителни активности извршени од СКТ во 2020 година:

1. Изготвување на Годишниот извештај за 2019 година во врска со спроведувањето на контролите во 2019 година во текот на месец јануари.

2. Анализа на извршените контроли по ПФПЗ во врска со избор на CwRS контролни зони и изработка на Методологија за избор на CwRS контролни зони за 2019 година во текот на месец јануари.

3. Учество во подготовка на Правилникот за за начинот и постапката за спроведување на Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2020 година.

4. Учество во подготовка за објава на тендер за набавка на превентивно одржување на софтверското решение за контрола на мерките по ПФПЗ за 2020 година изработка на техничка спецификација и учество во тестирањето во текот на целата година.

5. Учество во подготовка за објава на тендер за набавка на сателитски снимки и нивна обработка по мерките по ПФПЗ за 2020 година изработка на техничка спецификација.

6. Ажурирање на Спецификацијата за набавка на сателитски снимки за 2020 година, Методологијата за избор на примерок за контрола по ПФПЗ за 2020 година, Методологијата за извршување на контроли со сателитски снимки за 2020 година, Прирачник за спроведување на класичните контроли по ПФПЗ за 2020 година, Прирачник за спроведување на контролите на терен за ПРР и ПРА за 2020 и ажурирање на останати интерни прирачници и упатства во рамките на

СКТ и во врска со реализација на програмите за 2020 година во текот на месец март, април и мај.

7. Избор на примерок за контрола по ПФПЗ за 2020 за единственото барање и останатите барања во текот на целта година.

8. Извршување на 4-Е контролите по ПФПЗ за 2020 година во период од јули до крај на 2020 година, однсосно анализа и внес на податоци од записниците од извршените контроли на самото место.

9. Соработка со Сектор за информатичка и комуникациска технологија во делот на подготовка на софтверско решение за контрола во тек на цела година.

10. Соработка со преостанатите сектори во Агенцијата во делот на добивање на податоци од поденсените барања по програмите кои се имплементираат за 2020 година во тек на цела година.

11. Подготовка на одговори по доставени претставки и образложенија по доставени тужби во тек на цела година.

12. Подготовка на анализи и изработка на извештаи за потребите на СКТ, АФПЗРР и за други надворешни релеванти институции во тек на цела година;

13. Соработка со институции кои се одговорни за водење на регистри и евиденции (Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, Агенција за храна и ветеринарство) во тек на цела година.

14. Архивирање на целокупната документација во рамките на СКТ во тек на цела година.

15. Припрема за имплементација на ИПАРД 3 Програмата.

Во 2020 година извршени се вкупно 1101 контрола (класични и контроли во откупно-преработувачки претпријатија) на самото место при што се

проверени 9016 барања за финансиска поддршка во однос на Програмите за за финансиска поддршка во земјоделството за 2019 година и 2020 година.

Извршени се 3861 контроли на самото место при што се проверени 11 776 барања за финансиска поддршка за Програмите за финансиска поддршка во земјоделството за 2019 и 2020 година.

Вкупно извршени 5908 контроли на самото место по сите програми во 2020 година од СКТ при што се проверени 13 823 барања за финансиска поддршка.

Во 2021 година за Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2020 година преостануваат да се довршат мал дел од контролите со далечински методи: фотоинтерпретација за 241 барател, 140 парцели за брзи теренски посети, испраќање на записници, мапи и фотографии за барателите каде е констатирана разлика од контролите со далечински методи и класични контроли за следниве подмерки: 1.2., 1.6., 1.8., 1.10-а, 1.19., 2.3., 2.4., 2.5., 2.13., 2.14. и 2.15.

Анализата на констатирани разлики во количини (основни подмерки – сточарско и растително производство) по Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2020 година (Единствено електронско барања), и констатираните несоодветности и отстапувања во почитување на минималните услови за добра земјоделска пракса и

зачувување на животната средина, се прикажани во прилозите на крајот од извештајот.

Откриени нерегуларности при извршувањето на контролите на терен за ПФПЗ:

При извршување на класичните контроли на самото место, во однос на директни плаќања – сточарско производство, кај одреден број баратели, констатирани се пчелни семејства и маторици кај барателите за кои при самата контрола и увид во ИСАХВ е утврдено дека нема извршено попис и нема евидентирано РБО . Одреден број баратели при најавата ја имаат одбиено контролата, односно не ја овозможиле истата. За наведената проблематика известена е Агенцијата за храна и ветеринарство, институција надлежна за спроведување на Законот за идентификација и регистрација на домашните животни.

При контрола во кланични капацитети, кај одредени баратели констатирани се разлики помеѓу декларираните и констатираните животни (специфично за јагнења), односно разлика помеѓу декларираните јагнења во потврдата со која се аплицира за субвенции и констатираните заклани јагнења врз основа на увид на документи во самата кланица (Сертификат за здравствена состојба на животните, пријава за колење и кланична книга). Во однос на споменатата проблематика, Платежна Агенција односно Сектор за контрола на терен имаше и инспекциски надзор од Државниот инспекторат за земјоделство, при што од нивна страна е констатирано дека Сектор за контрола на терен ги извршува контролите согласно законските и подзаконските акти, односно процедурите за контрола.

Кај одреден број на баратели при извршување на контролите на самото место, не се констатирани грла животни на земјоделското стопанство, односно на РБО (Регистарски Број на Одгледувалиште) наведено во барањето и евидентирано во ВИС (Ветеринарен

Информативен Систем), но утврдено е дека нема евидентирано второ РБО во ВИС и овие грла животни не се прифатени.

При контрола на самото место – растително производство, кај одреден број баратели, констатирано е необработливо земјоделско земјиште иако е декларирана одредена култура на пријавените парцели. За наведената проблематика известен е Сектор за општи и правни работи поради основана сомнеж за нерегуларност.

Исто така, од извршените контроли на самото место – растително производство, кај одреден број на баратели констатирано е дека декларираната култура е засеана но истата не е ожнеана (во Уредбата е наведено дека декларираната култура треба да е засеана и ожнеана). Исто така, кај некои баратели констатирана е поголема обработлива земјоделска површина без видливи остатоци од декларирана култура, ниту растително производство во магацински простор односно не се дадени на увид документи со кои се потврдува продажба на декларираната култура (фактури, испратници, откупни белешки и сл.). За констатираните ситуации при КСМ и наведената проблематика е известен Секторот за директни плаќања во земјоделството.

Погрешно дигитализирани парцели (неажурирање на регистрите со новите ортофото снимки и констатираните разлики од контролите на терен) кои на крајот од кампањата се испраќаат до МЗШВ/СИЗП одделението за постапување согласно нивните надлежности.

Се известува Агенцијата за потик и развој на земјоделството (АПРЗ) и СДПЗ при АФПЗРР за барателите каде се утврдено неусогласености кај одредени минимални услови за добра земјоделска пракса и зачувување на животна средина.

При извршување на контрола на самото место, предмет од ПФПЗ за 2020 година – сточарско производство, контролорите при извршување на својата службена должност, беа изложени на навреди, закани и притисоци од лице присутно на самата контрола. За наведениот

предмет, по пријава од МВР, се води постапка во Основно Јавно Овбинителство.

Потребно е да се најде начин како Агенцијата ќе ги заштити и мотивира вработените од СКТ да си ги извршуваат работните задачи во вакви тешки и опасни работни услови.

4.Проблеми од системски карактер со кои се соочуваше СКТ при извршување на контролите на терен:

СКТ се соочуваше со следниве проблеми при извршување на предвидените контроли на самото место во 2020 година:

Мотивираност на вработените во СКТ

Имајки ја во предвид специфичноста на работењето и условите при извршување на работните задачи на контролорите, сметаме дека треба да се спроведат законските одредби во врска со исклучителната компонента на плата, каде е предвидено додаток на плата за посебни услови на работа за вработените во секторот за контрола на терен.

Согласно Законот за Административни службеници („Сл.весник на РМ", бр. 27/2014), во делот плата и надоместоци на плата на административните службеници, член 85 став (1) и член 89 од овој закон, предвидено е додаток на плата за посебни услови на работа и член 90 став (1) за работа изложена на висок ризик.

Во Актот за систематизација на работните места во Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и рурален развој предвидени се работни места под посебни услови за работа - работа изложена на висок ризик од I степен каде се вбројуваат сите работни позиции во Секторот за Контола на терен.

Согласно Законот за работни односи („Сл.весник на Р.М", бр.74/2015), член 41 и 42 став (2), а бидејки со посебен закон и со Општиот колективен договор за јавен сектор на Р.Македонија („Сл.весник на Р.М", бр.10/08,

88/08) ова прашање не е поинаку уредено, сметаме дека се исполнети сите услови за одобрување на додаток на плата за вработените во Сектор за контрола на терен и доколку е возможно во најкраток временски рок да се обезбеди исполнување на оваа обврска.

Со последните унапредувања и вработувања е направена голема неправда на СКТ како сектор кој има најголем број вработени во Агенцијата, а доби најмалку унапредувања и нови вработувања, помалку дури и од секторите кои имаат 10 пати помалку вработени. Секторот за контрола на терен не смее да биде маргинализиран бидејќи станува збор за сектор со многу специфични и тешки услови за работа за кои вработените секако не се наградени.

Недоволен број на вработени/контролори

Во 2020 година СКТ ги извршуваше контролите на терен со 40 контролори и овој број не е доволен за извршување на сите обврски на СКТ и во потребниот временски рок. Дополнителната анализа на работна оптовареност во делот на имплементирање на нови ИПАРД мерки и со спремање на пакетот за ИПАРД 3 Програмата покажува дека е потребно вработување на нови 20 контролори. Постојано се бара зголемување на бројот на контролори.

Дооформирање на регионални центри

Отворени се 11 РЕ: Штип, Кочани, Куманово, Битола, Кавадарци, Кичево, Тетово, Свети Николе, Пробиштип, Крушево и Струмица, но за подобра ефикасност на контролите на терен, потребно е отварање на две нови регионални единици во западен (Струга) и осоговско-

малешевски регион (Пехчево). За целосна функционалност на РЕ потребни се дополнителни вработувања со

соодветен стручен агрономски кадар за извршување на контроли на терен, доопремување со возила, техничка опрема и материјални средства.

Потребно е спроведување на постоењето на РЕ во систематизацијата на АФПЗРР и овозможување на подобри работни услови во нив.

Проблеми со софтверското решение

Модулот за контрола од ИСАК софтверот сеуште има проблеми со секојдневната функционалност и го отежнува секојдневното работење на контролорите.

Потребно е креирање на модул за контрола на терен како дел од софтверското решение за имплементација на Програмата за финансиска поддршка во руралниот развој.

Техничката ИТ помош за СКТ не е на завидно ниво.

Поставувањето на сателитските снимки на image server-от-сопственост на МЗШВ, секоја година се прави од страна на вработени во СКТ, бидејќи МЗШВ/ИТ не знае или не сака да интервенира во нивните сопствени бази и сервери, е само дел од аргументите зошто регистрите треба да се во Агенцијата и зошто на Агенцијата и треба обучен ИТ кадар.

Проблеми со доцнење на аплицирањето за финансиска поддршка за директни плаќања, недостаток на информации за санкционираните баратели и набавка на сателитските снимки и дополнително аплицирање до 30.10. за ПФПЗ 2020 година

Продолжувањето на крајниот рок на аплицирање го отежнува работењето на СКТ и значеше неможност на финализирање на контролите за сточарско производство до задолжителниот рок за чување на животните (30.10.), а исто така беше отежнато утврдувањето на културите на терен на земјоделските парцели, поточно за

едногодишните култури каде што мора да се утврдуваат остатоците на парцелите (агрофорензика).

Дополнителен проблем е тоа што поголем дел од контролите мора да се прават во зимски тешки услови со дополнителен ризик за сообракајни несреќи.

Не се добива навремена информација/список на барателиод СДПЗ кои се во тригодишна санкција за последната година, што значи дека се прават непотребни трошоци со контроли на терен и се доведуваат до погрешни заклучоци овие барателиа.

Заради успешно извршување на контролите на самото место и за успешна имплементација на програмата, рокот за аплицирање за програмите во наредните години треба да биде најдоцна до средината на мај.

Треба да се размисли за можноста, за сточарското производство, да се замени задолжителниот рок за чување со задолжителен временски период на чување на добитокот на РБО (6 месеци), што ќе значи контролите на терен за сточарско производство да бидат преку цела година и контрола на податоците во ВИС/ЕРЗС.

Сметам дека треба да се симплифицираат подмерките за растително производство (синхронизирани со кодови на користење на земјоделска површина од СИЗП) и продолжувањето на рокот за аплицирање треба да оди паралелно со продолжување на задолжителниот рок на чување на добитокот.

Потреба од поедноставување на програмата за финансиска поддршка во земјоделството

Програмата за финансиска поддршка во земјоделството е прекомплицирана со многу мерки и подмерки со различна финансиска поддршка за одделни култури во рамките на одредена подмерка, и заедно со хибридниот систем на аплицирање, ги обременуваат контролите на терен како и целата контролна постапка од поднесување на самото барање до исплатата. Производствениот план се прави на

катастарски парцели (во барањето не е наведено на која парцела што има пријавено) додека контролите се прават на СИЗП-парцели кои мора сите да бидат исконтролирани за да констатира дали кај одредено барање ќе се констатираат разлики.

Ова го имаме воочено како при извршување на секојдневните работни обврски, но исто така и од изјави од барателите со кои секојдневно се среќаваме при извршувањето на контролите на терен.

1. СКТ не беше консултиран околу изготвување и не беше вклучен во дискусиите околу креирањето на програмите за 2020 година и немаше можност да сугерира за отстранување/лимитирање на високоризичните култури за ПФПЗ од минатата година (синап, грашок, боранија, спанаќ и грав). Непостоење желба за да се добијат сознанија за ситуациите и неправилностите утврдени на терен само покажува дека нема вистински напредок во отстранување на ризиците за финансиски злоупотреби.

СКТ немаше можност да сугерира за отстранување/лимитирање на високоризичните култури за ПФПЗ од минатата година за кои по барање на Влада на РСМ се изврши засилени контроли на терен во 2019 година и е констатирана разлика од декларираните и констатираните површини од 263 хектари или 6106680,00 денари, за следниве култури: синап, грашок, боранија, спанаќ и грав – култури со поголема финансиска поддршка, но и со специфичен вегетативен период, при што дел од нив уште при аплицирањето за субвенции не се на парцела/терен.

Овие култури кои се садат само поради високите субвенции, за кои не е потребно многу вложување, не се одгледуваат за да се собере плодот, се садат на несоодветни површини, површините не се наводнуваат и не се преземаат агротехнички мерки при одгледувањето, односно само се посеани, дури и не се врши берба/жетва и се садат исклучиво за добивање на субвенции од страна на ловците на субвенции.

При контролите овие култури (најчесто синап, грашок, грав) се констатираат дека се со многу слаб квалитет, а ако контролата е непосредно после извршената берба/жетва се констатира многу малку

слаб принос и многу е тешко да се направи објективно решение за соодветност.

Табела со анализа за прогресијата во аплицирање за овие култури (поддршката

за анасон во 2019-та е намалена):

2018 – контрола на терен на 100% барателi									
анасон		синап		грашок		грав		спанаќ	
барателi	ha	барателi	ha	барателi	ha	барателi	ha	барателi	ha
483	1392.6	5	20.6	137	109.3	1991	1247.3	185.0	299.8
2019									
133	532.4	87	169.1	264.0	346.6	2362.0	1,663.3	264.0	345.3
2020									
49	391.1	118	299.5	221.0	227.8	2097	1082.2	214	183.0

ализа по барателi	вкупно за сите ПЕ	вкупно за 6-те ПЕ	ВЕЛЕС	НЕГОТИНО	СВЕТИ	РАДО-ВИШ	ПРОБИ-ШТИП	ШТИП

					НИКОЛЕ			
анасон 2018	483	426	141	96	92	62	23	12
анасон 2019	133	111	38	23	21	19	8	2
анасон 2020	49	35	14	9	4	4	4	0
синап 2018	5	4	0	0	0	4	0	0
синап 2019	87	86	0	0	11	55	17	3
синап 2020	118	116	0	2	39	49	18	8
грашок 2018	137	88	41	4	33	1	1	8
грашок 2019	264	181	90	1	70	3	5	12
грашок 2020	221	157	78	0	64	5	4	6
Анализа по површина	вкупно за сите ПЕ	вкупно за 6-те ПЕ	ВЕЛЕС	НЕГОТИНО	СВЕТИНИКОЛЕ	РАДО-ВИШ	ПРОБИ-ШТИП	ШТИП
анасон 2018	1392.6	1137.5	433.7	189.6	302.1	137.5	53.9	20.8

анасон 2019	532.4	239.4	101.6	35.4	70.1	13.7	17.4	1.3
анасон 2020	391.1	108.4	55.0	9.5	29.0	3.7	11.1	0.0
синап 2018	20.6	10.9	0.0	0.0	0.0	10.9	0.0	0.0
синап 2019	169.1	164.7	0.0	0.0	30.0	88.6	41.8	4.3
синап 2020	299.5	297.8	0.0	1.8	114.7	96.6	52.5	32.3
грашок 2018	109.3	79.4	37.6	17.0	14.6	0.7	0.4	9.2
грашок 2019	346.6	290.9	163.8	0.2	77.2	0.7	8.0	40.9
грашок 2020	227.8	184.1	105.9	0.0	62.2	2.4	4.1	9.5

Табела со анализа по баратели и површина но и подрачни единици/региони каде постои оваа пракса:

Можни решенија за овој проблем:

- Доуредување на програмата или уредбата со услов за минимални произведени и предадени/продадени количини за поголеми

површини (над 1 ха) кај градинарските култури особено кај оние кај што е констатирано зголемено пријавување;

- Намалување на поддршката по површина за култури кои не бараат поголрми вложувања во одгледувањето, а дополнително зголемување на поддршката за произведен и продаден производ во откупно-преработувачки капацитети, доколку се смета дека треба дополнително да се субвенционираат.

2 Неспроведувањето на промени во воведувањето на СИЗП парцела како референтна парцела и симплификација на програмата ги одложуваат планираните промени во СКТ за воведување на мониторингот како алатка за спроведување на контрола на сите земјоделски парцели.

Одбивање на контролите

Се почесто Агенцијата се соочува на терен со барателиот кои што не можеме да ги исконтактираме или доколку се исконтактираат ја одбиваат контролата, знаејќи дека доколку дозволат контрола, со констатираните разлики би следувале поголеми санкции. Членот 143 став (2) ги става во подобра позиција најнекооперативните корисници и сметам дека треба да се промени и барателите кои што ќе одбијат контрола да се стават исто така во тригодишна санкција.

Проблеми со неинтегрирани и неажурирани регистри

Ажурирањето на СИЗП регистерот со резултатите од контролите на терен се врши на годишно ниво, но недостигаат потребните правни документи т.е. пропишана методологија за размена на податоци меѓу двете институции.

Сеуште неинтегрираната централна база на податоци за животни од АХВ во ЕРЗС/ИАКС софтверот претставува проблем во извршувањето на контролите на терен по задолжителниот рок за чување на животните

каде се потребни ажурирани податоци од ВИС (ветеринарниот информативен систем).

Потребно е редовно ажурирање на податоците во ЕРЗС со промените од АКН.

Кај дел од барателите воопшто нема контакт телефон што на терен се рефлектира со неможност да се извршуваат контролите на терен, губење на значително многу време за да се лоцираат барателите и испраќање по пошта на голем број на записници од контролите со далечински методи (сателитски снимки).

Вкрстена сообразност и контрола на почитувањето на посебните условите за добра земјоделска пракса и зачувување на животната средина

Иако АФПЗРР/СКТ од 2013та година ги спроведува контролите на терен за вкрстена сообразност сеуште МЗШВ нема изготвена методологија за намалување на директните плаќања поради несообразност со барањата за вкрстена сообразност од прв пат.

Потребно е и модифицирање или менување правилникот за листа на посебни минимални услови за добра земјоделска пракса и зачувување на животната средина т.е. на одредени посебни услови кои не се прецизно дефинирани и конфузни при спроведувањео на терен.

На терен сеуште се соочувавме со неинформираност на барателите за исполнување на минималните услови за добра земјоделска пракса и заштита на животната што често значи и непочитување на обврските кои

треба да ги исполнат за минималните услови за добра земјоделска пракса и заштита на животната средина.

Редовно посетување на обуки и конференции

СКТ е сектор кој во секојдневното работење има потреба од многу софтвери и технички современи алатки, а за да се следат новите текови потребни се редовни обуки, работилници и конференции.

Проблеми во извршувањето на контролите поради COVID-19 пандемијата

Поради COVID-19 пандемијата контролите на терен се извршуваат во многу тешки околности и каде е возможно контролите на терен се изведуваат без физичко присуство на барателите. Сите потребни контроли (комплетност, прифатливост, минимум потребни капацитети и сл.) за ИПАРД Програмата за мерка 1 за земјоделска опрема и механизација, ќе се извршуваат административно преку користење на расположливите бази на податоци како ЕРЗС, СИЗП прегледник, Катастар, ВИС-АХВ, и др.

Каде беше возможно, контролите на терен се изведуваа без физичко присуство на барателите. Пакетите за контрола на терен за ПФПЗ 2020 година претрпеа измени т.е. во Методологијата за екстракција на примерок за контрола се намали вкупниот процент за контрола на терен – 5,8%. Контролите за растително производство се извршуваа во голем процент со CwRS (контроли со далечински методи/сателитски снимки), а дополнително се модифицираше начинот на извршување на CwRS контролите со укинување на состаноците со барателите со констатирани разлики и нивно известување преку записници, мапи и фотографии испратени по пошта.

Се изврши и намалување на класичните контроли за сточарско производство на 3% согласно регулативата No.:2020/532 на Европска

Комисија за дерогација на контролите на терен поради COVID-19 пандемијата.

Обуки и тренинзи во 2020г.

Интерни-Секторски обуки кои редовно се одржуваат за сите вработени во СКТ:

- ИПАРД 2
- Техничка помош 501
- Мерка 301 – Рурална инфраструктура
- Препознавање на стара (втора рака) опрема
- Контрола на градежни работи
- Контрола на електрични инсталации
- Користење на ГПС уреди и планиметрирање
- Промени во тековните програми
- Научени лекции од претходните контроли

Прилог 1: Анализа на констатирани разлики во количини (основни подмерки – сточарско)

ПЕ	2.1-обележани грла говеда			2.7-обележани грла овци			2.9-обележани грла кози			2.11-грла матороци			2.17-преживно пчелно семејство		
	Вкупно контролирани грла	Грла кои не се констатирани	% на разлика	Вкупно контролирани грла	Грла кои не се констатирани	% на разлика	Вкупно контролирани грла	Грла кои не се констатирани	% на разлика	Вкупно контролирани грла	Грла кои не се констатирани	% на разлика	Вкупно контролирани пчелни семејства	Пчелни семејства кои не се констатирани	% на разлика
БЕРОВО	17	1	5.9	511	13	2.5	7	0	0	0	0	0	111	0	0
БИТОЛА	187	6	3.2	1180	36	3.1	0	0	0	0	0	0	1096	8	0.7
БОГОВИЊЕ	53	0	0	709	451	63.6	0	0	0	0	0	0	119	0	0
ВАЛАНДОВО	5	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0
ВЕЛЕС	25	5	20.0	924	25	2.7	32	0	0	0	0	0	297	0	0
ВИНИЦА	4	0	0	0	0	0	29	0	0	30	0	0	175	4	2.3
ГАЗИ БАБА	86	1	1.2	1629	230	14.1	0	0	0	0	0	0	892	16	1.8
ГЕВГЕЛИЈА	151	8	5.3	1715	350	20.4	119	12	10.1	0	0	0	232	4	1.7
ГОСТИВАР	0	0	0	4846	532	11.0	387	144	37.2	0	0	0	350	36	10.3
ДЕБАР	19	2	10.5	1997	304	15.2	12	0	0	0	0	0	50	0	0
ДЕЛЧЕВО	120	101	84.2	242	3	1.2	27	0	0	0	0	0	190	0	0
ДЕМИР ХИСАР	71	1	1.4	210	9	4.3	0	0	0	0	0	0	171	0	0
КАВАДАРЦИ	0	0	0	638	115	18.0	106	2	1.9	0	0	0	886	0	0
КАРПОШ	15	1	6.7	2939	1870	63.6	0	0	0	36	0	0	223	3	1.3
КИСЕЛА ВОДА	132	7	5.3	735	45	6.1	342	28	8.2	0	0	0	694	19	2.7
КИЧЕВО	84	3	3.6	2263	80	3.5	324	52	16.0	0	0	0	519	22	4.2
КОЧАНИ	44	1	2.3	369	26	7.0	70	60	85.7	8	0	0	82	0	0
КРАТОВО	42	1	2.4	455	211	46.4	26	2	7.7	4	0	0	275	4	1.5
КРИВА ПАЛАНКА	117	26	22.2	478	19	4.0	46	0	0	6	0	0	90	4	4.4
КРИВОГАШТАНИ	0	0	0	0	0	0	16	0	0	0	0	0	0	0	0
КРУШЕВО	0	0	0	395	22	5.6	0	0	0	0	0	0	18	2	11.1
КУМАНОВО	334	22	6.6	1783	65	3.6	185	0	0	17	0	0	707	72	10.2
МАКЕДОНСКИ БРОД	2	0	0	369	22	6.0	71	1	1.4	0	0	0	169	0	0
НЕГОТИНО	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	234	0	0
ОХРИД	10	2	20.0	291	9	3.1	0	0	0	0	0	0	450	6	1.3
ПЕХЧЕВО	7	0	0	41	1	2.4	0	0	0	5	0	0	13	0	0
ПРИЛЕП	78	20	25.6	1775	110	6.2	0	0	0	0	0	0	332	33	9.9
ПРОБИШТИП	0	0	0	131	7	5.3	0	0	0	0	0	0	522	19	3.6
РАДОВИШ	80	1	1.3	1236	137	11.1	270	13	4.8	0	0	0	108	3	2.8
РЕСЕН	11	2	18.2	292	29	9.9	197	7	3.6	0	0	0	67	0	0
СВЕТИ НИКОЛЕ	195	17	8.7	329	7	2.1	68	1	1.5	0	0	0	103	0	0
СТРУГА	6	0	0	1027	179	17.4	187	2	1.1	8	0	0	74	12	16.2
СТРУМИЦА	48	1	2.1	510	186	36.5	237	8	3.4	0	0	0	323	26	8.0
ТЕТОВО	188	16	8.5	4563	696	15.3	63	5	7.9	0	0	0	583	0	0
ЧАИР	205	68	33.2	1214	15	1.2	0	0	0	0	0	0	144	0	0
ШТИП	344	53	15.4	1231	169	13.7	90	2	2.2	8	0	0	500	131	26.2
Вкупно	2680	366	13.7	37027	5973	16.1	2913	339	11.6	122	0	0	10797	424	3.9

Прилог 2: Анализа на констатирани разлики во количини (основни подмерки – растително)

ПЕ	мерка 1.1-поледелски култури			мерка 1.4-градинарски култури			мерка 1.7-овошни насади			мерка 1.10-лозови насади		
	вкупно исконтролирани површини	површини кои не се констатирани	%	вкупно исконтролирани површини	површини кои не се констатирани	%	вкупно исконтролирани површини	површини кои не се констатирани	%	вкупно исконтролирани површини	површини кои не се констатирани	%
БЕРОВО	4.60	0.32	6.96	41.44	22.36	53.96	0.15	0.15	100.00	/	/	/
БИТОЛА	189.70	11.31	5.96	45.41	7.05	15.53	22.84	0.00	0.00	2.00	0.00	0.00
БОГОВИЊЕ	2.38	0.50	21.20	3.51	0.00	0.00	/	/	/	/	/	/
ВАЛАНДОВО	/	/	/	13.54	0.00	0.00	/	/	/	/	/	/
ВЕЛЕС	1594.65	9.98	0.63	110.11	29.99	27.24	102.77	0.00	0.00	333.21	29.35	8.81
ГАЗИ БАБА	44.06	3.67	8.33	37.18	19.88	53.47	/	/	/	1.43	0.17	11.89
ГЕВГЕЛИЈА	0.51	0.25	49.02	15.94	0.73	4.58	/	/	/	2.05	0.00	0.00
ДЕЛЧЕВО	/	/	/	/	/	/	/	/	/	0.28	0.00	0.00
ДЕМИР ХИСАР	1.40	0.00	0.00	/	/	/	/	/	/	/	/	/
КАВАДАРЦИ	181.74	10.85	5.97	12.04	1.55	12.87	119.39	0.00	0.00	81.66	1.95	2.39
КАРПОШ	5.00	1.05	21.00	3.34	0.00	0.00	0.72	0.17	23.61	4.00	0.28	7.00
КИСЕЛА ВОДА	46.32	3.68	7.94	50.32	7.41	14.73	33.65	0.00	0.00	4.92	0.00	0.00
КИЧЕВО	61.39	3.25	5.26	11.35	4.31	37.97	/	/	/	/	/	/
КОЧАНИ	26.99	9.53	35.31	8.10	8.09	99.88	/	/	/	1.25	0.00	0.00
КРАТОВО	2.43	0.26	10.70	/	/	/	/	/	/	/	/	/
КРИВА ПАЛАНКА	/	/	/	/	/	/	/	/	/	0.35	0.00	0.00
КРИВОГАШТАНИ	361.66	23.03	6.37	135.71	10.81	7.97	0.53	0.00	0.00	/	/	/
КРУШЕВО	61.79	6.85	11.09	15.62	7.21	46.16	0.25	0.00	0.00	/	/	/
КУМАНОВО	898.55	0.00	0.00	25.78	2.34	9.08	0.72	0.34	47.22	39.20	0.16	0.41
МАКЕДОНСКИ БРОД	1.65	0.00	0.00	0.23	0.00	0.00	/	/	/	/	/	/
НЕГОТИНО	43.75	0.67	1.53	41.00	10.64	25.95	51.60	2.01	5.90	1128.38	11.54	1.02
ОХРИД	1.22	0.00	0.00	8.57	0.00	0.00	/	/	/	/	/	/
ПЕХЧЕВО	/	/	/	5.75	5.75	100.00	/	/	/	/	/	/
ПРИЛЕП	239.74	20.12	8.39	43.52	5.46	12.55	/	/	/	/	/	/
ПРОБИШТИП	169.74	1.01	0.60	37.67	7.67	20.36	4.88	0.00	0.00	2.10	0.00	0.00
РАДОВИШ	29.93	0.00	0.00	49.07	24.92	50.78	8.40	0.22	2.62	0.95	0.19	20.00
РЕСЕН	/	/	/	0.60	0.16	26.67	/	/	/	/	/	/
СВЕТИ НИКОЛЕ	1158.75	81.95	7.07	183.24	24.74	13.50	26.22	3.39	12.93	24.81	1.96	7.90
СТРУМИЦА	214.76	43.42	20.22	597.12	166.09	27.81	21.17	1.13	5.34	49.14	4.28	8.71
ТЕТОВО	5.77	0.14	2.43	12.86	1.06	8.24	/	/	/	/	/	/
ЧАИР	12.03	5.43	45.14	84.12	76.12	90.49	0.65	0.65	100.00	0.53	0.53	100.00
ШТИП	762.78	54.55	7.15	65.64	9.46	14.41	53.10	1.21	2.27	45.46	0.95	2.09
ВКУПНО	6123.47	291.80	4.77	1658.78	453.80	27.36	447.14	9.07	2.07	1721.73	51.36	2.98

Прилог 3: Преглед на број на земјоделски стопанства со број на неисполнети посебни минимални услови за добра земјоделска пракса и

зачувување на животна средина за Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2020 година:

Број на неисполнети услови	Број на број на земјоделски стопанства
0	620
1	67
2	23
3	11
4	1
6	1
8	1

Прилог 4: Табела на број на несообразности за исполнување на минималните услови за Добра земјоделска пракса и зачувување на

животна средина констатирани при контролите на терен за Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2020 година:

Назив на посебните минимални услови за добра земјоделска пракса и заштита на животната средина	Број на баратели кои го исполниле условот	Број на баратели кои НЕ го исполниле условот	Број на баратели за кои условот е нерелевантен
1. Дали земјоделското стопанство исполнува услови за минимална покриеност на површината?	161	15	548
2. Дали земјоделското стопанство со соодветни агротехнички мерки спречува обраснување на обработливите површини со непожелна вегетација?	149	19	556
3. Дали земјоделското стопанство повеќегодишните насади ги одржува во добра вегетативна состојба?	45	5	674
4. Дали земјоделското стопанство обработувањето на земјоделските површини го врши согласно карактеристиките на земјиштето заради спречување на ерозија?	26	0	698
5. Дали земјоделското стопанство управува со жетвените остатоци?	118	3	603

6. Дали земјоделското стопанство има извршено анализа на хемиските својства на почвата и примена на ѓубрива согласно потребите за хранливи материи во почвата и редовно ја евидентира примената на ѓубрива?	37	63	624
7. Дали земјоделското стопанство има копано бунар на површина во состав на хидромелиоративни системи и дали има обезбедено позитивно мислење од надлежниот орган за водостопанство каде нема техничка можност за наводнување?	0	2	722
8. Дали земјоделското стопанство користи вода од системот за наводнување и дали има склучено договор за користење на вода од системот за наводнување со испорачателот на вода?	19	9	696
9. Дали земјоделското стопанство ѓубрењето го извршува согласно минимум условите за заштита на водите од нитратите од ѓубривата и дали го документира остапувањето на вишок ѓубре од органско потекло и преработувањето на ѓубрето од органско потекло во биогас или компост?	14	1	709

10. Дали земјоделското стопанство врши заштита на подземните води со испуштање на супстанции и дали има дозвола за испуштање во водите?	7	1	716
11. Дали земјоделското стопанство изборот и примената на производи за заштита на растенија ја изведува само со производи кои се одобрени и дали води евиденција за набавка на средствата, третирањето на растенијата и на растителните производи и залихи на производите за заштита на растенија?	123	15	586
12. Дали земјоделското стопанство врши мониторинг на болести на растенија и дали за извршените контроли и регистрирана здравствена состојба на посевите и насадите води евиденција?	143	9	572
13. Дали земјоделското стопанство при примена на средствата за заштита на растенија вршат заштита на здравјето на луѓето?	147	2	575

14. Дали земјоделските стопанства ги исполнува минималните услови за ДЗП во делот за идентификација и регистрација и пријавување на движења на живитните и дали имаат склучено договор со овлатсено ветеринарно друштво и чуваат документација поврзана со идентификација, регистрација и движење на животните и документи од регистарот на одгледувалишта?	549	11	164
15. Дали земјоделските стопанства ги спроведува мерките за здраствена заштита на живитните и дали ја чуваат документација поврзана со спроведената здравствена заштита на животните?	553	5	166
16. Дали земјоделските стопанства извршува контрола на заразни болести на животните?	551	4	169
17. Дали земјоделските стопанства вршат процена на влијанието врз животната средина на одгледувањето животни и дали имаат обезбедено елаборат за заштита на животната средина и документ од единицата на локалната самоуправа?	21	0	703

2.7. Сектор за финансиски прашања

2.7. Сектор за финансиски прашања

1. Одделение за извршување на исплати

Основната цел на Одделението за извршување на исплати во текот на 2020 година беше точна и навремена исплата на средства од националните програми за финансиска поддршка, исплата на средства од ИПАРД Програмата, евидентирање на склучените договори и доставените Барања за исплата од страна на корисниците на ИПАРД Програмата, следење на исплатата и нејзино евидентирање, следење на реализацијата на одделните ставки од Буџетот, подготовка на финансиски извештаи поврзани се реализираните исплати.

Во однос на кадровската екипираност, во текот на 2020 година, работните задачи и активности во Одделението за извршување на исплати ги извршуваа вкупно 5 вработени на следните работни позиции: еден советник овластен да ги извршува работните задачи за Раководител на одделение, 1 помлад соработник овластен да ги извршува работните задачи за советник, 2 помлади соработници и 1 вработен по Договор на дело.

Исплатата на субвенциите од националните програми за финансиска поддршка се спроведуваше согласно Прирачникот за работа на одделението за извршување на исплати.

Првите исплати на средства од националните програми за финансиска поддршка започнаа во следните периоди:

- Програма за финансиска поддршка во земјоделството

- По Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2020 година на 30 јули започна исплатата на корисниците на мерка 8 Помош за поддршка на трошоците за набавка на гориво за земјоделска механизација. Потоа, на 14 декември следуваше исплата на мерката 3 премии за осигурување, додека пак на 16 декември се изврши исплата по мерката 6 Помош во сточарскиот сектор.

- По програмата за финансика поддршка во земјоделството за 2019 година, редоследно беа исплаќани следните мерки:

Во месец јануари се започна со плаќања за мерката 1.1 поледелски култури и за мерката 1.11 оддржување постоечки лозови насади од мерките за Растително производство. Во месец февруари започна исплатата на мерките 1.5 градинарско

производство, 1.8 оддржување постоечки овошни насади и 1.20 обработлива земјоделска површина со големина од 0.02 до 1 хектар.

Од мерките за Сточарско производство во февруари се започна со исплата на мерката 2.1 обележани грла говеда и 2.7 грла овци, во март со мерката 2.9 грла кози, 2.15 амортизирани несилки, 2.17 презимено пчелно семејство, 2.11 грла маторици, мерката 2.13 одгледани и заклани гоеници во регистрирани кланични капацитети, 2.3 произведено и продадено кравјо, козјо и овчо млеко.

Во текот на следните период се продолжи со исплата од останатите мерки од Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2019.

Тековно беа извршувани и исплати по програмите од предходните години по основ на корегирани трансакциски сметки, повторени постапки, како и по основ на пребивања и подмирени долгови.

- Програма за финансирање на активностите во тутунско производство

- По Програмата за финансирање на активностите во тутунско производство за 2020 год. на 16.04.2020 год. започна исплатата по мерката 1.13 произведен и продаден необработен тутун од реколта 2019 година.

- Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој

- По Програмата за финансиска поддршка во руралниот развој за 2020 година во месец мај 2020 се отпочна со исплата на решенија од мерката 1.2 учество на саемски манифестации и мерката 124.1 Капитални инвестиции во водостопанска инфраструктура. Во јули се започна со исплата на мерката 1.8 Други трошоци и инвестициони вложувања (авионско засејување), во август мерката 1.3 Помош за маркетинг на земјоделски производи и во ноември од мерката 1.1 Организирање и спроведување на манифестации.

Тековно се извршуваа исплати по мерки од програмата за финансиска поддршка во руралниот развој од предходните години. Од вкупно исплатените средства од мерката Неподмирени обврски од претходните години, најголем процент е исплатен од мерките 124.1 Капитални инвестиции во водостопанска инфраструктура, 321 Подобрување на квалитетот на живот во рурални средини, 322 Обнова и развој на селата, 323 Зачувување и унапредување на традиционалните вредности во руралните подрачја.

- Програмата за финансиска поддршка на рибарството и аквакултурата

Од програмата за финансиска поддршка во рибарството и аквакултурата за 2020 година во месец јули започнаа исплатите по мерките 1.1 Финансиска поддршка за порибување на риболовни подрачја и зони и мерката 4 пилот проекти, додека пак

во декември се вршеше плаќање од мерката 2.2 Финансиска поддршка за порибителен материјал

Тековно се извршуваа исплати по мерки од програмата за финансиска поддршка во рибарството и аквакултурата од предходните години.

Реализацијата на средства по националните програми за финансиска поддршка заврши на 31 Декември. Заклучно со овој датум, Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој исплати вкупно 8.594.737.468,00 ден. Вкупната реализација на средства по програми е следна:

- 4.898.410.327,00 ден. беа исплатени од Програмата за финансиска поддршка во земјоделството (односно 99,73 % од вкупно одобрениот износ по буџетот на програмата);
- 1.886.927.796,00 ден. беа исплатени од Програмата за финансирање на активностите во тутунско производство (односно 99,84 % од вкупно одобрениот износ по буџетот на програмата);
- 1.763.127.914,00 ден. беа исплатени од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој (односно 95 % од вкупно одобрениот износ по буџетот на програмата) и
- 46.271.431,00 ден. беа исплатени од Програмата за финансиска поддршка на рибарството и аквакултурата (односно 66 % од вкупно одобрениот износ по буџетот на програмата).

Прикажано по мерки, вкупната реализација на програмите се одвиваше на следниот начин:

Програма за финансиска поддршка во земјоделството:

3 - Помош за премии за осигурување – исплатени се 50.499.591,00 ден.

6 - Помош во сточарскиот сектор – исплатени се 7.079.328,00 ден.

8 - Помош за поддршка на трошоците за набавка на гориво за земјоделска механизација – исплатени се 160.464.573,00 ден

9 - Матријални трошоци за спроведување на програмата – исплатени се 6.480.791,00 ден

10 - Заостанати обврски од програмите за финансиска поддршка во земјоделството од претходните години - исплатени се вкупно 4.673.886.044,00 ден.

Програма за финансирање на активностите во тутунско производство

1 – Директни плаќања за произведен и продаден необработен тутун од реколта 2019 – исплатени се 1.886.927.796,00 ден.

Програма за финансиска поддршка на руралниот развој:

- 124 Инвестиции во инфраструктура за развој на земјоделството, шумарството и водостопанството и заштита од природни непогоди – исплатени се вкупно 644.708,00 ден.
- 1.1 Организирање и спроведување на манифестации и саеми и мерка 1.2 Учество на саемски манифестации и саеми на земјоделски производители – исплатени се вкупно 5.728.244,00 ден.
- 1.3 Помош за маркетинг на земјоделски производи и преработени земјоделски производи – исплатени се 2.509.950,00 ден.
- 1.8 Други трошоци и инвестициони вложувања за воспоставување и спроведување на мерките за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој – исплатени се вкупно 61.375.023,00 ден.
- Пренесени обврски од програмите за финансиска поддршка во руралниот развој од претходните години – исплатени се вкупно 1.692.869.989,00 ден.

Програма за финанскиска поддршка на рибарството и аквакултурата

1. Финансиска поддршка во рибарството – исплатени се вкупно 450.000,00 ден. од мерката 1.1 финансиска поддршка за порибување на риболовни подрачја
2. Финансиска поддршка во аквакултурата – исплатени се 8.022.300,00 ден од мерка 2.2 финансиска поддршка за порибителен материјал

4. Пилот проекти – исплатени се вкупно 1.199.351,00 ден.

6. Неподмирени обврски по Програмата за финансиска поддршка во рибарство и аквакултура од претходни години – исплатени се вкупно 36.599.780,00 ден

ИПАРД Програма (2014-2020)

Во однос на реализацијата на средства од ИПАРД II Програмата, во 2020 год. вкупниот износ на исплатени средства изнесува 357.281.146,00 ден. (5.792.840,00 евра) при што исплатени се вкупно 453 корисници.

Од вкупно исплатениот износ, 89.234.637,00 ден. (1.446.822,00 евра) се исплатени од делот за Национално кофинансирање, додека пак 268.046.509,00 ден. (4.346.018,00 евра) се исплатени од ЕУ делот. Исплатата на ИПАРД средства се вршеше по следните мерки:

Јавен повик 01/17

- За мерката 1 исплатени се 17 корисници во вкупен износ од 30.793.753,00 ден. (499.523,00 евра)
- За мерка 3 исплатени се 4 корисници во износ од 12.772.674,00 ден. (207.107,00 евра)
- За мерката 7 исплатени се 6 корисници во вкупен износ од 49.590.337,00 ден (803.805,00 евра)

Јавен повик 01/18

- За мерка 3 исплатени се 25 корисници во износ од 158.641.017,00 ден. (2.572.490,00 евра)

Јавен повик 02/18

- За мерката 1 исплатени се 400 корисници во вкупен износ од 104.626.365,00 ден. (1.696.024,00 евра)

За мерката Техничка Помош исплатен е 1 корисник во вкупен износ од 857.000,00 ден. (13.891,00 евра).

Со цел реализација на средствата од националните програми за финансиска поддршка и ИПАРД Програмата, Одделението за извршување на исплати ги спроведуваше следните активности:

- Прием, контрола и евиденција на пристигнатите Решенија за одобрување и исплата на средства;
- Подготовка на налози за исплата на средства, енкрипција на подготвените налози и нивно редовно доставување до Трезорската канцеларија при Министерството за финансии;
- Континуирано следење на состојбата по одделните конта од буџетот на АФПЗРР;
- Редовно следење на состојбата и реализацијата на средства прикажана во Изводите од трезор;

- Подготовка на Прегледи на реализирани исплати од програмите за финансиска поддршка, Прегледи на решенија доставени од секторот за директни плаќања во земјоделството, Секторот за одобрување на исплати и Одделението за постапување по долгови, како и Прегледи на реализирани исплати по видови мерки и по подрачни единици;
- Редовна комуникација со Министерството за финансии во однос на најавата на планираната исплата на средства, со цел обезбедување на ликвидност (неделно ниво);
- Усогласувања на одделението за извршување на исплати со одделението за сметководство;
- Усогласувања на податоци за издадените Решенија за одобрување и исплата и извршените исплати со Одделението за постапување по долгови и Одделението за сметководство;
- Редовно известување на Секторот за директни плаќања во земјоделството и Секторот за одобрување на исплати за некоректните (погрешно доставени) лични податоци за корисниците по програмите и нивна корекција;
- Корекција на личните податоци (ембг и трансакциски сметки) на корисниците;
- Подготовка на барања до крајните корисници за доставување на точни лични податоци;
- Редовно следење на повратот на средства извршен од страна на должниците на Агенцијата на наменската 889 сметка и негово евидентирање во документите за работа на ОИИ;
- Евиденција и обработка на документите поврзани со имплементацијата на ИПАРД Програмата;
- Изработка на финансиски извештаи, пренамени за прераспределба на буџетски средства и план за работа на одделението;
- Обработка на податоците за извршените исплати и подготвување на соодветни списоци на исплатени лица, со цел нивно објавување на официјалниот web сајт на Агенцијата;
- Евиденција на претставки и приговори и доставување на одговори по истите;
- Меѓусекторска соработка и координација;
- Учество во работни групи;
- Соработка, координација и усогласување на активностите со Националниот фонд, Министерството за финансии, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и други органи на државната управа;
- Соработка со релевантни домашни, странски и меѓународни институции за работи од своја надлежност;

- Следење и адаптирање на процедурите во Секторот за финансиски прашања согласно измените во националното законодавство.

При спроведувањето на процедурата за поврат на средствата исплатени од националните програми, одделението за извршување на исплати водеше ажурна евиденција и навремено следење на секој поврат извршен на преодната сметка (889). Во случај исплата да е извршена во претходните години средствата кои корисниците ги враќаа на преодната сметка (889), се вратени на сметката на централен буџет, додека пак во случај исплатата да е извршена во тековната година, средствата се вратени на буџетската сметка на Агенцијата.

3. Одделение за сметководство

Во текот на 2020 година Одделението за сметководство како дел од Секторот за финансиски прашања спроведе активности, предлози и решенија во согласност со Годишниот план за работа на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој.

Во однос на кадровската екипираност, во текот на 2020 година, работните задачи и активности во Одделението за сметководство ги извршуваа вкупно 6 вработени на следните работни позиции: Раководител на одделение, 1 Советник, 3 Помлади соработници и 1 вработен со Договор на дело.

Одделението за сметководство реализирајќи ја основната цел на работењето во текот на буџетската година ги спроведуваше следните активности:

- Книжење на сите сметководствени настани на редовна основа водејќи сметка за основните принципи на сметководството: хронолошко, комплетно, вистинито и навремено водење на истото;

- Книжење на настаните од Националната програма како и евидентирање и книжење на одобрените и исплатените износи од ИПАРД програмата вклучувајќи ги и потребните интерни извештаи во рамките на АФПЗРР почитувајќи ги одредбите и законитостите од Националното и Европското законодавство;

- Водење на ажурна евиденција на сите корисници кои неправилно ги искористиле исплатените средства од АФПЗРР и за кои се донесени Решенија за поврат на средства од Секторот за директни плаќања, Секторот за одобрување на исплати и Одделението за извршување на исплата. Врз основа на овие Решенија ОС ги книжеше лицата должници во софтверската апликација за книжење на сите промени од листата на должници, книжење на автоматската пресметка на

законската затезна камата, книжење на сите уплати по основ на извод од трезорска сметка.

- Водење на ажурна евиденција на Решенијата за пребивање и исплата на средства добиени од Одделението за постапување по долгови
- Континуирано следење на состојбата по одделните конта од буџетот на АФПЗРР;
- Усогласувања на одделението за сметководство со Секторот за директни плаќања во земјоделството, Секторот за одобрување на исплати, Одделението за постапување по долгови, Одделението за извршување на исплати и Националниот Фонд;

Во првиот квартал од 2020 година вработените во ОС работеа на изготвување и достава на завршните сметки за 2019 година и тоа за:

- Завршна сметка за ИПАРД Трансфер сметката 789 за потребите на ЕУ на пресметковна основа (Биланс на состојба, Биланс на успех, Извештај за паричниот тек, Забелешки кон финансиските извештаи, Извештај за промена на капиталот, Д-2 Годишна изјава за сметките за финансиската година) до Националниот Фонд во рамки на МФ;
- Завршна сметка на сметката 789 за ИПАРД средствата за национални потреби на готовинска основа;
- Завршна сметка на сметката 637 на готовинска основа;
- Завршна сметка за сметката 889 за извршените поврати на средства во сметката на АФПЗЗР.
- На почетокот на фискалната година, ОС изврши сметководствено евидентирање и внесување на планираните исплати по мерки врз основа на одобрените Национални Програми за финансиска подршка за 2020 година.

Од аспект на евидентирање на буџетското сметководство, ОС ги спроведе следните активности:

- Книжење на буџет на одобрени расположливи средства по одделни мерки за националната програма
- Книжење на платите за врабоените во АФПЗРР;
- Книжење на сите примени фактури (телефон, вода, електрична енергија, набавка на ситен инвентар, основни средства и сл) и нивната исплата;

- Книжење на трансакциите кои произлегуваат од благајничкото работење;
- Внес и раздолжување на основни средства;
- Книжење на решенијата за исплата на средства од ИПАРД Програмата и книжење на исплатата на истите;
- Книжење на решенијата за исплата на средства од Програмата за финансиска поддршка во земјоделството, програма за финансиска поддршка на руралниот развој и програмата за финансиска поддршка на рибарството и аквакултура и книжење на исплатата на истите;
- Книжење на Договорите за финансиска поддршка од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој и исплатата на истите;
- Контрола на сите сметководствени документи и сите книжења со пополнување на соодветни контролни листи;
- Други сметководствени настани кои произлегуваат од секојдневното работење на АФПЗРР.

Во делот на евиденција и управување со должници, ОС ги спроведе следните активности:

- Книжење на сите решенија кои истовремено се водат во листата на должници по основ на Решенијата за поврат на средства, Решенија за укинување на претходните решенија, Решенија за одобрување, пребивање и поврат и Решенија за одобрување, пребивање и исплата;
- Книжење на добиени изводи од Министерството за Финансии и сметководствена проверка на евидентираните поврати;
- Книжење на електронската пресметка на казнена законска каматата (15 дена од приемот на доставницата) сметано од датумот на прием на Решението за поврат на средства до денот на поврат на средствата.
- Редовна контрола за усогласеност на вратените средства од прокнижените аналитички картици со изводите за поврат на средства;
- Други тековни активности околу регистрирање и постапување со должниците

Сметководственото евидентирање на ИПАРД Програмата се одвиваше преку следните настани:

- Книжење на Известувања за раскинување на договорите за финансиска поддршка;
- Книжење на Авторизациони писма;
- Книжење на Одобрувања на Барање за финансиски средства;
- Книжење на реализирани уплати до трансферната сметка и исплати до крајните корисници на ИПАРД Програмата;
- Книжење на решенија за поврат на средства.
- Пресметка на камата (на крај од секој месец и по секој евидентиран поврат), изготвување на каматни листови, книжење на каматните листови и други сметководствени трансакции;
- Контакти со извршителите околу усогласување на датумот на реализиран поврат од страна на извршителите;
- Изготвување на сите евидентни и извештајни форми пропишани во Прирачникот за сметководство;
- Контрола на книжењата и пополнување на контролни листи;
- Други активности кои произлегуваат од секојдневното работење

Службеникот за известување ги извршуваше следниве активности:

- Изготвување на месечни, двомесечни, полугодишни и годишни извештаи за спроведување на ИПАРД Програмата како и исполнување на други обврски кои произлегуваат од Договорот за соработка помеѓу ТУ и АФПЗРР;
- Изготвување на извештаи за потребите на менаџментот на АФПЗРР околу спроведувањето на ИПАРД Програмата.

4. Одделение за постапување по долгови

Во текот на 2020 година Одделението за постапување по долгови како дел од Секторот за финансиски прашања спроведе активности, предлози и решенија во согласност со Годишниот план за работа на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој.

Во однос на кадровската екипираност, во текот на 2020 година, работните задачи и активности во Одделението за сметководство ги извршуваа вкупно 4 вработени на следните работни позиции: 1 Раководител на одделение, 1 Советник и 2 Помлади соработници.

Одделението за постапување по долгови редовно извршуваше работи кои се однесуваат на водење на евиденција за долгови на барателите на финансиска

поддршка кон Агенцијата, следење на долгови кон Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Јавното Претпријатие за стопанисување со пасишта, АД Водостопанство и други органи на државната управа.

Во рамките на ОПД се следеа ажурираните списоците на должници за Програмите за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој за 2016 година, Програма за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој за 2017, Програма за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој за 2018, Програма за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој за 2019 и Програма за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој за 2020 год. кои се импортираа во софтверската апликација од надлежните институции :

- Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство по основ на користење на земјоделско земјиште во државна сопственост;
- Подружниците на Акционерско друштво Водостопанство на РСМ по основ на неподмирени обврски за воден надомест, Јавно Претпријатие Стрежево Битола, Јавно Претпријатие за водостопанство Лисиче Велес, Јавно Претпријатие хидросистем Злетовица Пробиштип.
- Јавното Претпријатие за стопанисување со пасишта – Скопје за неподмирени обврски и надоместоци за користење на државни пасишта;

Во текот на 2020 година се работеше и на следните активности:

- Редовно ажурирање на доставените Известувања за извршени промени на статусот на должниците во Листата на должници
- Импорт на списоци за баратели за кои се одобрени средства од Програмите за финансиска поддршка во земјоделството
- Импорт на списоци со баратели за кои се одобрени средства од Програмата за финансиска поддршка во руралниот развој.
- Прочистување на списоците на барателите за кои се одобрени средства од Листата на должници и доставување до Одделението за извршување на исплата на нивно понатамошно постапување.
- Изготвување на Известување за видот и висината на обврската за лицата баратели кои имаат неподмирени обврски и Изјава за согласност за пребивање на долг.
- Изготвување на Решенија за пребивање и исплата на средства и решенија за пребивање на средства.
- Одделението за постапување по долгови водеше редовна евиденција на сите баратели на средства за кои се донесени Решенија за поврат на средства од Секторот за директни плаќања, Секторот за одобрување на исплата, Одделението за извршување на исплата.
- Во Листата на должници се водеа должниците кон АФПЗРР кои имаат активен долг и не извршиле поврат на средства, кои извршиле целосен

повратна средства, кои извршиле делумен повратна средства и за кои се донесени Решенија за укинување.

- За решенијата за повратна средства кои што се водат во Листата на должници, одделението за постапување по долгови на редовна основа пресметува законска затезна камата доколку корисникот не изврши повратна средства во предвидениот рок од 15 дена од приемот на доставницата.
- На дневна основа се евидентираа Изводи на промет и состојба на сметка (од трезорска сметка 889) по основ на уплати од Решенијата за повратна средства и истите се ажурираа во Листата на должници.
- Достава на известувања до СОПР за решенија за повратна средства за кои нема доставено повратници, со цел објава во Службен Весник на РСМ.
- Евидентирање на доставниците од Решенијата за повратна во Листата на должници, како и евидентирање на објавите во Службен Весник кои имаат третман како доставница за пресметка на законска затезна камата.
- На барање на Секторот за одобрување на исплата се вршеа проверки на корисниците од програмите за финансиска поддршка во земјоделството, Програмите за рурален развој и Програмите за рибарство и аквакултура и информирање за статусот на должниците од Листата на должници, за износот на висината на долгот (основица и камата).
- Евидентирање на известувања од СОПР за оние должници кои се дадени на извршител.
- Редовно следење на објавувањето и измените во законската затезна камата и ажурирање на каматната стапка во Листата на должници.
- Изготвување на решенија за пребивање и исплата на средства и Решенија за пребивање на средства по доставена Изјава за согласност за пребивање на долг заверена на нотар.
- По изготвувањето на Решенија за пребивање и исплата на средства и Решенија за пребивање и повратна средства, се доставуваа списоци до Директорот за одобрување на Решенијата.
- Изработка на списоци за исплата по извршено пребивање на средства и тоа до барателите и списоците за исплата на средства по извршено пребивање до институциите.
- Усогласување со Секторите / Одделенијата кои ги издаваат списоците за одобрување на барањето за исплата.
- Усогласување со Секторите кои издаваат решенија за повратна средства.

Во текот на 2020 година немаше организирани обуки за вработените во Одделението за постапување со долгови.

5. Одделение за буџетска координација и одделение за буџетска контрола

Основната цел на Одделението за буџетска координација и Одделението за буџетска контрола во текот на 2020 година беше подготовка на буџетот за 2021

година, подготовка и доставување на годишни/квартални/месечни финансиски планови, следење на реализацијата на одделните ставки од Буџетот, водење и евидентирање на склучените договори како и дел од Финансиското управување и контрола.

Во однос на кадровската екипираност, во текот на 2020 година, работните задачи и активности во Одделението за буџетска координација ги извршуваа вкупно: 1 Раководител на одделение, 1 Виш соработник, 1 Помлад соработник, 1 Самостоен референт.

Во делот на Одделението за буџетска координација спроведени се следните активности:

- Буџетскиот циркулар се подготви и достави до Министерството за финансии заклучно со 31 август 2020 година, кој беше составен од проекција, образложение, наративен дел, стратешки план, табели и обрасци како и останати документи потребни за конструирање на буџетот.
- Следењето и евидентирањето на реализацијата на буџетските средства по Програми и ставки се спроведуваше во текот на целата година.
- Во текот на 2020 година беа спроведени и пренамени на средства од одредени конта за потребите на Агенцијата.
- Во текот на целата година се води список и евидентирање на склучените договори со цел уредна финансиска контрола пред исплата на фактурите и точна пресметка на потребните средства за подготовка на буџетскиот циркулар.

Во делот на Одделението за буџетска контрола спроведени се следните активности:

- Спроведување на финансиска контрола пред исплата на доспеаните фактури
- Подготовка на документи за генерални овластувања и конструирање на регистарот на овластувања
- Подготовка на решение за распределба на вкупен одобрен буџет за 2020 година
-

2.8. Секторот за информатичка и комуникациска технологија

Секторот за информатичка и комуникациска технологија (СИКТ) при Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој (АФПЗРР) имаше задача во 2019 година да воспостави информатичка поддршка со двојна цел:

- имплементирање на информатичка поддршка на националните активности;
- воспоставување на информатичка поддршка на програмите од ИПАРД програмата и подготовка на сигурноста на информатичкиот систем согласно ЕУ законодавството.

Во процесот на имплементирање на информатичка поддршка на националните програми за 2019 година, Секторот за директни плаќања го користеше постоечкото софтверското решение набавено на тендер спроведен од страна на Светска банка, кое ги задоволи потребите на Агенцијата во целост во изминатите години.

Истото согласно претходните препораки и оваа година беше надградено за внес на податоци директно преку интернет од страна на барателите на финансиска поддршка и од страна на подрачните единици на МЗШВ. Успешно беа имплементирани сите дополнителни мерки согласно програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2019 година.

Во софтверското решение беа имплементирани дополнителен број на валидациони контроли во однос на постоечкото и истото како и минатата година беше поврзано со Единствениот регистар на земјоделски стопанства и Системот за идентификација на земјоделски парцели.

Софтверското решение за Директни плаќања оваа година беше надградено со новите модули за 2019 година од страна на вработените во СИКТ и тоа Модулите за млеко 2019 I, II и III – та фаза, Модулот за Органско производство 2019, Модулот за произведени и продадени градинарски култури и овошје во преработувачки капацитети 2019, Модул за осигурување 2019, Модул за грозје 2019, кои успешно беа имплементирани со сите дополнителни мерки и измени на постоечките мерки согласно програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2019 година.

Во 2019 година за Единственото барање (Електронското барање; е-субвенции) по четврт пат се аплицираше електронски преку софтверско решение за директни плаќања самостојно on-line од страна на барателот.

СИКТ во текот на 2019 година помогна во процесот на техничко оддржување на софтверското решение за воспоставување на информациски систем за реализација на мерките од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој. Софтверско решение е-барање претставува електронски систем за распределба на земјоделска механизација и распределба на другите мерки во руралниот развој согласно Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2019 година.

СИКТ во текот на 2019 година помогна во процесот на техничко оддржување на софтверско решение е-должници за спроведување на постапка на пребивање на финансиски средства (за надворешни институции).

Со цел квалитетна исплата на програмата за финансиска поддршка во земјоделството и програмата за рурален развој за 2019 година, Секторот за финансиски прашања продолжи со користење на софтверското решение за финансиско и сметководствено работење, а паралелено во делот за ИПАРД програмата го користеше финансиски информационен систем (SAP ERP и EMC Documentum) изработен согласно стандардите на Европската Комисија.

Набавена се нови персонални десктоп компјутери за потребите на вработените во Агенцијата

Набавени се персонални, серверски и сервисни сертификати.

Набавена е Oracle лиценца за потребите на новиот Интегриран административен контролен систем.

Набавени се лиценци за антивирусна заштита на компјутерите во Агенцијата и дел од серверите

Набавени се Windows серверски лиценци за апликациските сервери

Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој 2019 година ја започна со примарна изнајмена интернет линија со симетричен интернет пристап со загарантиран upload/download 150/150MBps.

Во 2019 година СИКТ имаше задача да го одржува информатичкиот и комуникацискиот систем на својата примарна локација, која ги задоволува сите стандарди за непречена работа на останатите сектори во Агенцијата.

Во текот на целата година СИКТ беше активно вклучен во превентивното одржување на Интегрираниот административен контролен систем .

Во Септември 2019 година СИКТ склучи договор за превентивно и адаптивно оддржување на САП ЕРП финансискиот систем, кој ќе трае до Септември 2020 година.

Со цел поголема транспарентност на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој согласно препораките на менаџментот на Агенцијата го користеше постоечкиот официјален Web portal на Агенцијата, преку кој се презентираа тековните активности на Агенцијата.

Преку истиот беа објавени сите релевантни информации за барателите на финансика поддршка кои се однесуваа на програмата за финансиска поддршка во земјоделството, програмата за рурален развој за 2019 година, програмата за рибарство и аквакултура и на ИПАРД програмата .

Официјалниот Web portal на Агенцијата овозможи преку него да се одговараат и сите дополнителни прашања добиени од страна на барателите на информации.

Во текот на 2019 година Секторот за информатичка и комуникациска технологија, во соработка со сите останатите сектори во Агенцијата ја одржуваше функционалноста на успешно имплементираниот Call Centre.

Една од основните задачи во текот на 2019 година на СИКТ беше технички да ја опслужува информатичката опрема во Агенцијата, при тоа инсталирајќи стандардни софтверски алатки, антивирусни програми, оперативни системи и други потребни апликативни програми.

Во текот на 2019 година задача на СИКТ беше да ја опслужува серверската и телекомуникациката опрема во систем салата на Агенцијата како и централниот УПС уред и надворешниот дизел агрегат.

Континуирано СИКТ во 2019 година изготви нови и ги подобри постоечките процедури за работа.

Континуирано во 2019 година СИКТ системски го одржуваше постоечкото софтверско решение за Деловодник СИКТ во текот на годината беше вклучен во успешната набавка и имплементација на новото софтверско решение за Деловодник за 2020 година.

Континуирано во 2019 година СИКТ системски и апликациски го одржуваше постоечкото софтверско решение за Уписник за претставки и предлози за 2019, и го изработи новиот модул за Уписник за претставки и предлози за 2020 кои го активираше на 01.01.2020 за внес на податоци за 2020.

Во текот на 2019 година СИКТ успешно ја продлабочи воспоставената соработка во врска со превземањето на податоци од релевантни регистри за потребите на Агенцијата и исто така успеа со други релевантни институции да започне со размена на податоци.

Секторот за информатичка и комуникацика технологија во 2019 година ги даде своите максимални напори за обезбедување на оптимални услови за работа на сите сектори во доменот на информатичката поддршка со минимален број на вработени во СИКТ.

Во текот на 2019 година СИКТ навремено обезбедуваше нови податоци за проектот Отворени владини податоци.

Во текот на 2019 година беше СИКТ технички ја одржуваше надградена постоечката серверска опрема и уредот за бекапирање и архивирање на податоците.

Вработените во ИТ секторот ги администрираа и подрачните единици на МЗШВ во делот на администрирање на софтверот за Директни плаќања.

Доколку сите цели се исполнат во следниот период, АФПЗРР ќе добие софистициран информатички ситем со имплементирана информациона безбедност според стандардите на ЕУ.

2.9. Сектор за регистри

I ОДДЕЛЕНИЕ ЗА БАЗА НА РЕФЕРЕНТНИ ЦЕНИ

Во текот на 2020 година Одделението за база на референтни цени работеше на утврдување на референтни цени за предметите од јавниот повик 01/2018 , 02/2018 и 01/2019 од ИПАРД 2 програмскиот период 2014-2020. Паралелно со истражувањето на пазарот се вршеше и тековно ажурирање на Базата на референтни цени со понудите добиени од апликациите во јавните повици 01/2018 и 02/2018, со понудите добиени преку истражување на пазарот и стручните анализи добиени од Бирото за судски вештачења. Исто така редовно беа ажурирани сопственичките структури на апликантите и понудувачите на опрема/услуга за апликациите од ИПАРД Програмата.

Од јавниот повик 01/2018 во текот на 2020 година беа формирани и доставени на понатамошна обработка референтни цени за:

- 2 предмети од мерката „ Инвестиции во основни средства за преработка и маркетинг на земјоделски и рибни производи“

Од јавниот повик 02/2018 во текот на 2020 година беа формирани и доставени на понатамошна обработка референтни цени за:

- 121 предмет од мерката „ Инвестиции во основни средства на земјоделски стопанства“

Од јавниот повик 01/2019 во текот на 2020 година беа формирани и доставени на понатамошна одработка референтни цени за:

- 30 предмети од мерката „Диверзификација на фармите и развој на бизниси“

Од јавниот повик 02/2019 во текот на 2020 година беа формирани и доставени на понатамошна одработка референтни цени за:

- 41 предмет од мерката „ Инвестиции во основни средства за преработка и маркетинг на земјоделски и рибни производи“

При тоа во Базата на референтни цени беа креирани 6583 референтни цени и тоа:

- 1201 референтна цена од истражување на пазар
- 5831 референтна цена од Бирото за судски вештачења

Пред замрзнувањето на Базата на референтни цени како подготовка за јавните повици во 2020 година, беше направено ажурирање на базата со добиените понуди од јавните повици01/2018 и 02/2018 и истражувањето на пазарот. Во 2020 година беа внесени:

- “
- 62 понуди од мерка „Техничка помош“
- 167 понуди од истражување на пазар за мерка „Техничка помош“
- 39 понуди од јавен повик 01/2018 мерка „Инвестиции во материјални средства за преработка на земјоделски и рибни производи“
- 75 понуди од истражување на пазар за мерка „Инвестиции во материјални средства за преработка на земјоделски и рибни производи“ за јавен повик 01/2018
- 2093 понуди од јавен повик 02/2018 мерка „Инвестиции во материјални средства на земјоделските стопанства„
- 851 понуда од истражување на пазар за мерка „Инвестиции во материјални средства на земјоделските стопанства„ за јавен повик 02/2018

На 29.02.2020 година согласно процедурите за работа беше извршено замрзнување на Базата на референтни цени за потребите од јавниот повик 01/2020 година мерка 1 од ИПАРД 2 Програмата.

Во меѓувреме одделението беше предмет на неколку ревизии спроведени од страна на Ревизорското тело.

Во делот на оформувањето на референтни цени кои се однесуваат на градби и реконструкции редовно беше контактирано Бирото за судски вештачења како единствена релевантна институција во државата која на редовно временско ниво има увид и ги прати случувањата во делот на градежните активности. Во текот на 2020 година забележително беше значително прекршување на Меморандумот за соработка со Министерство за правда – Биро за судски вештачења, од страна на Бирото за судски вепштачења. Просечното време на добивање на стручна анализа од БСВ за апликациите од јавниот повик 01/2018 и 02/2018 изнесува 106 денови.

Со оглед на тоа што во јавните повици од ИПАРД 2 Програмата од програмскиот период 2014-2020 рапидно е зголемен бројот на пристигнати барања, Одделението за база на референтни цени се соочува со недостаток на кадар и соодветен простор за работа. Во 2020 година во одделението имаше 9 редовно вработени (7 со звање помлади соработници, 1 виш соработник и 1 советник) и 1 вработен со договор на дело, додека според анализите за обемот на работа потребно е да има најмалку 15 вработени. Притоа треба да се напомене дека одделението функционира со овластен советник од 10.02.2018 година и овластен виш соработник од 16.02.2018 година како носители на контролните позиции во одделението. Исто така мора да се истакне дека во одделението вработените се економисти, правници и земјоделски инженери, додека мултидисциплинарната природа односно проблематика на предметот на работа наметнува потреба од инжинери и од други профили како што се: машински, технолошки, електро и градежни инженери.

Во втората половина на 2020 година започнато е постапка за измена на процедурите за работа со цел забрзување и олеснување на постапката за утврдување на референтни цени, со вклучување на надворешни стручни лица – Комитет за евалуација. Постапката е во тек.

Во текот на 2020 година за вработените во Одделението за база на референтни цени немаше реализирани обуки, студиски патувања и размена на искуства.

2.10. Секторот за внатрешна ревизија

Во текот на 2020 година Сектор за внатрешна ревизија ги спроведе следните ревизи:

- СВР 2019 008 - Ревизија на процесот на одобрување на исплатите од ИПАРД Програмата 2014-2020 (ревизијата е од Годишниот план за 2019 година);
- СВР 2020 001 - Ревизија на следење на препораките;
- СВР 2020 002 – Ревизија на процесот на одобрување на проекти и склучување на договори за мерката 1 од ИПАРД Програмата 2014-2020;
- СВР 2020 003 – Ревизија на процесот на одобрување на проекти и склучување на договори за мерката 3 од ИПАРД Програмата 2014-2020;
- СВР 2020 004 – Ревизија на процесот на одобрување на средства од програмата за Финансиска поддршка на земјоделството за 2018 година-мерка 1 Растително производство подмерка 1.9 директни плаќања по обработлива површина за одржување на постоечки овошни насади и подмерка 1.10 дополнителни директни плаќања од подмерка 1.9 за овошни култури предадени во преработувачки капацитет;
- СВР 2020 005 – Ревизија на процесот на одобрување на средства од програмата за Финансиска поддршка на земјоделството за 2018 година -

мерка 2 Сточарско производство подмерка 2.7 директни плаќања за обележани грла овци од сите категории;

- СВР 2020 006 – Ревизија на процесот на одобрување на средства од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2018 година-мерка 112 Помош за млади земјоделци за започнување со земјоделска дејност;
- СВР 2020 007 – Ревизија на процесот на исплата на средства од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2018 година – мерка 121;
- СВР 2020 008 – Ревизија на процесот на контрола на лице место пред исплата од ИПАРД Програмата 2014-2020 и СВР 2020 009 – Ревизија на процесот на одобрување на исплати од ИПАРД Програмата 2014-2020 (ревизиите ќе бидат завршени во 2021 година).

2.11. Сектор за аналитика и поддршка на работата на директорот

Секторот за аналитика и поддршка на работата на директорот е надлежен за следните работи и задачи:

- подготовка на анализи за ефектите од реализацијата на програмите во надлежност на Агенцијата,
- подготовка на Стратешки план на Агенцијата и негово ажурурање,
- поддршка на работата на директорот на Агенцијата,
- информирање на јавноста за работата на Агенцијата,
- подготовка на периодични и годишни извештаи за работата на секторот,
- соработка со другите сектори во Агенцијата,
- соработка со други органи на државната управа и
- соработка со релевантни домашни, странски и меѓународни институции за работи од својата надлежност.

  Во минатата година Секторот за аналитика и поддршка на работата на директорот, изработи 12 анализи за реализација на националните програми и тоа за Програмата за финансиска поддршка во земјоделството, Програма за рурален развој и Програма за рибарство и аквакултура.

Во делот на соработката со меѓународни проекти во соработка со експертите направи анализа за потребите на Агенцијата во делот на потебни нови простории, мебел и опрема и тоа за делот на информатичката технологија, потребите за архивирање и опрема за депо како во делот зањ чување на архивската граѓа од програмите финансирани од европскиот буџет така и за програмите финансирани од националниот буџет.

За Владата на Република Северна Македонија беа подготвени кавартални извештаи за реализација на ИПАРД Програмата 2014-2020 и тоа во делот на потпишани договори и реализирани и исплатени инвестиции по мерките:

- Инвестиции во материјални средства на земјоделските стопанства
- Инвестиции во материјални средства за преработка на земјоделски и рибни производи
- Диверзификација на фармите и развој на бизниси.

Во делот на услуги во центарот за повици во текот на годината е одговорено на телефонски повици:

- За Програмата за директни плаќања на 4500 повици,
- За ИПАРД Програмата на 248 повици.

Дадени се информативни услуги на лица кои лично побарале информација во Агенцијата:

- За програмата за Директни плаќања 600 лица,
- За ИПАРД Програмата 200 лица.

Во делот на техничката поддршка на работата на Директорот:

1. Услужување на странки по телефонски повици поврзани со Субвенции – 520 странки
2. Разговори поврзани со организирање состаноци кај Директор - 300
3. Печатирање на Договори за ИПАРД и Национална програма - 3000
4. Примање пошта за во Кабинет и нејзино распоредување и постапување 460
5. Проследување на странки и гости кај Директорот 260
6. Проследување на Заклучоци од Седници на Влада и Е-влада 240
7. Одговарање и препраќање на прашања на Официјалем меил на АФПЗРР 1420
8. Одговарање на прашања на страната на АФПЗРР – контакт форма и по електронска пошта 540.

Извештај за спроведени активности за публицитет на ИПАРД Програмата во период Јануари-Декември 2020 година

Извештај за спроведени активности за публицитет на ИПАРД и Националните Програми во период Јануари-Декември 2020 година

I. Настани

Во текот на целата година претставници од Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој земаа учество во работилниците, отворените денови и форуми кои ги организира МЗШВ во 80 општини во Република Северна Македонија.

Во текот на целата година имаше прес конференции, и настани за навремено информирање на јавноста со Националните и ИПАРД програмата.
Во тек на цела година, АФПЗРР, заедно со министерот за земјоделство, г- дин Трајан Димковски а подоцна и со Аријанит Хоџа имаше теренски посети и промоција на успешни реализирани приказни со средства од ИПАРД 2 Програмата. Посети на успешни проекти имаше и од страна на премиерот на РСМ Зоран Заев, вицепемиерот за евроинтеграции. А посети на успешни проекти реализираше и сега веќе екс, директорот Николче Бабовски.

Телото за управување со ИПАРД при МЗШВ, заедно со претставници на АФПЗРР оддржаа неколку инфо денови и работилници во повеќе места низ земјава и тоа: Струмица, Куманово, Лозово, Росоман, Валандово, Штип, Радовиш, Крива Паланка, Гази Баба, Илинден, Демир Хисар, Другово, Зајас, Осломеј, Конче, Боговиње, Врапчиште, Вранештица и на др места преку кои корисниците имаа можност да се запознаат со начинот и можноста за искористување на средствата од ИПАРД Програмата.

На ден 1.02.2020 е објавен доплнителен рок од 15 дена за аплицирање на повикот 02- 2019 за Мерка 3 Инвестиции во материјални средства за преработка на земјоделски и рибини производи" која се финансира од ИПАРД 2 програмата. Наместо до 11- ти февруари сите заинтересирани, апликациите ќе може да ги доставуваат до 26 февруари.
Информацијата се објави во дневните весници Нова Македонија, Слободен печат и Коха. Оваа вест беше објавена и на веб страната на АФПЗРР, МЗШВ, ИПАРД како и на Бриф, Макфакс, Миа, Ипортал, Вечер, Локално и мн други.

На ден 17.02.2020 Објавена е веста дека Почнува кампања за ИПАРД инфо денови. Веста е објавена на веб страната ан АФПЗРР, на ИПАРД, на МЗШВ. Информацијата беше пренесена и на МИА, Ипортал, Бриф, Агро инфо и други.

На ден 21.02.2020 објавено е соопштение како потсетување за тоа дека привршува рокот за аплицирање за Мерката 3 „Инвестиции во материјални средства за преработка на земјоделски и рибини производи" која се финансира од ИПАРД 2 програмата. Оваа вест е објавена на веб страната на АФПЗРР, МЗШВ, ИПАРД како и на Бриф, Макфакс, Миа, Ипортал, Вечер, Локално, Шеталиште, Сител, Канал 5 и мн други.

На ден 29.02.2020 година објавен ЈАВЕН ПОВИК бр.01/2020 за доставување на барања за користење на средства по мерка 1 Инвестиции во материјални средства на земјоделски стопанства" од бр.01/2020 од ИПАРД Програмата 2014-2020. Оваа информација беше објавена во дневните весници Нова Македонија, Слободен печат и Коха. Оваа вест беше објавена и на веб страната на АФПЗРР, МЗШВ, ИПАРД како и на Бриф, Макфакс, Миа, Ипортал, Вечер, Локално и мн други. Истиот ден беше испратено и соопштене до медиумите за да се информира јавноста. Соопштението беше објавено на веб страната на АФПЗРР, МЗШВ, ИПАРД како и на Бриф, Макфакс, Миа, Ипортал, Вечер, Локално, Макфакс, А1ОН, Алсат, Шеталиште, Сакам да кажам, Бриф, Зелена берза, Современо земјоделство и други.

На ден 02.03.2020 год беше објавено соопштение за Караванот за ИПАРД ИНФО ДЕНОВИ кој се реализираше низ цела држава. Ова информација се објави на веб страната на АФПЗРР, МЗШВ, ИПАРД како и на Бриф, Макфакс, Миа, Ипортал, Вечер, Локално, Макфакс, А1ОН, Алсат, Шеталиште, Сакам да кажам, Бриф, Зелена берза, Современо земјоделство и други. Истиот дена беа промовирани и спотови кој беа наменски изработени од страна на ТУИ при МЗШВ со цел да се мотивираат граѓаните да аплицираат за добивање на средства од ИПАРД 2.

На ден 04.03.2020 се одржа прв инфо ден во Струмица, на него присуствуваше министерот Трајан Димковски и директорот на АФПЗРР, Николче Бабовски. По настанот беше дистрибуирано соопштение до медиумите. Истата информација беше објавена на сите портали.

На ден 25.03.2020 година објавен одлука за продолжување на рокот за Јавен повик 01/2020 за Мерка 1 Инвестиции во материјални средства на земјоделски стопанства" Ова информација се објави на веб страната на АФПЗРР, МЗШВ, ИПАРД како и на Бриф, Макфакс, Миа, Ипортал, Вечер, Локално, Макфакс, А1ОН, Алсат, Шеталиште, Сакам да кажам, Бриф, Зелена берза, Современо земјоделство и други.
На ден 24.06.2020 година беше објавено дека продолжуваат да течат сите рокови по ИПАРД 2 кој заради COVID 19 беа во мирување. Ова информација се објави на веб страната на АФПЗРР, МЗШВ, ИПАРД како и на Бриф, Макфакс, Миа, Ипортал, Вечер,

Локално, Макфакс, А1ОН, Алсат, Шеталиште, Сакам да кажам, Бриф, Зелена берза, Современо земјоделство и други.
На ден 20.07.2020 година објавено е дека продолжуваат ИПАРД инфо деновите кои беа ставени во мирување заради Covid 19.
На 25.07.2020 година беше објавено дека за една недела завршува рокот за доставување на апликации за мерка 1, „Инвестиции во материјални средства на земјоделските стопанства" од ИПАРД 2 програмата. Ова информација се објави на веб страната на АФПЗРР, МЗШВ, ИПАРД како и на Бриф, Макфакс, Миа, Ипортал, Вечер, Локално, Макфакс, А1ОН, Алсат, Шеталиште, Сакам да кажам, Бриф, Зелена берза, Современо земјоделство и други.

На 02.10.2020 беше објавено вест од посета на успешен ИПАРД проект. **Средствата од програмата ИПАРД2, помош за локалните бизниси** Ова информација се објави на веб страната на АФПЗРР, МЗШВ, ИПАРД како и на Бриф, Макфакс, Миа, Ипортал, Вечер, Локално, Макфакс, А1ОН, Алсат, Шеталиште, Сакам да кажам, Бриф, Зелена берза, Современо земјоделство и други.
На ден 20.11.2020 година беше објавена вест **Во Куманово се одржа завршен настан за Кампањата за публицитет за ИПАРД Програмата 2014-2020.** Ова информација се објави на веб страната на АФПЗРР, МЗШВ, ИПАРД како и на Бриф, Макфакс, Миа, Ипортал, Вечер, Локално, Макфакс, А1ОН, Алсат, Шеталиште, Сакам да кажам, Бриф, Зелена берза, Современо земјоделство и други

II. Интервјуа/ Гостувања во емисии

- Во рамките на кампањите за промоција на можностите за користење на средствата од ИПАРД Програмата како и процесот на субвенционирање, директорот Николче Бабовски и неговиот заменик Авдуљ Селам Селами а подоцна и Заменик директорот Ремзи Абдулаи земаа учество во следните емисии;

Во месец **јануари** или на ден 07.01.2020 г директорот Николче Бабовски имаше интервју за МИА

Во месец **март** директорот Николче Бабовски имаше интервју за емисијта 360 степени која се емитува на ТВ Алсат М

Во месец **април** директорот Николче Бабовски имаше интервју за емисијта 360 степени која се емитува на ТВ Алсат М со наслов „ Колку пари од европските фондови искористуваат земјоделците"
Во месец **мај** директорот Николче Бабовски имаше интервју за Радио слободна Европа – во рамки на дневно информативаната програма

Во месец **јуни** директорот Николче Бабовски имаше интервју за тв Сител како и за Агротим и Бриф

Во месец **јули** директорот Николче Бабовски имаше интервју за Слободна тв.

Во месец **септември** директорот Николче Бабовски имаше интервју за Алсат М за дневно – информативната програма

Во месец **октомври** заменик директорот Абулселам Селами имаше интервју на МРТВ 2 за албанска редакција односно утринска програма и емисијата „Ритам на денот"

Во месец **декември** заменик директорот Ремзи Абдулахи имаше интерју за ТВ Коха, поточно гостуваше во емисијата Нов ден.

III. Објавени информации во медиуми за ИПАРД

Во врска со ИПАРД Програмата, во текот на 2020 година, од страна на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој објавени се претходни најави за ИПАРД II.Известувањето за објавување на претходната најава за ИПАРД II се преземени и пренесени и преку други електронски медиуми како МРТ, Нова Македонија,Нетпрес,Сител,Курир,Бриф,24 часа Вести,ТВМ.Вест,Лидер,Република,Точка и други.
Исто така на **29.02.2020 година беше** објавен ЈАВЕН ПОВИК бр.01/2020 за доставување на барања за користење на средства по мерка 1 Инвестиции во материјални средства на земјоделски стопанства" од бр.01/2020 од ИПАРД Програмата 2014-2020. Оваа информација беше објавена во дневните весници Нова Македонија, Слободен печат и Коха. Оваа вест беше објавена и на веб страната на АФПЗРР, МЗШВ, ИПАРД како и на Бриф, Макфакс, Миа, Ипортал, Вечер, Локално и мн други. Истиот ден беше испратено и соопштене до медиумите за да се информира јавноста. Соопштението беше објавено на веб страната на АФПЗРР, МЗШВ, ИПАРД

како и на Бриф, Макфакс, Миа, Ипортал, Вечер, Локално, Макфакс, А1ОН, Алсат, Шеталиште, Сакам да кажам, Бриф, Зелена берза, Современо земјоделство и други.

IV. Прашања за ИПАРД

На официјалниот **е-маил** на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој (и контакт формата на веб страната) во текот на 2020 година добиени се околу 15 прашања во врска со можносите за користењето на средства од ИПАРД Програмата.

V. Кол центар

Во кол центарот на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој во текот на 2020 година имаше 248 јавувања поврзани со ИПАРД Програмата, во врска со можностите за користење на средства од истата како и информирање за текот на обработката на веќе поднесените апликации.

V. Посетеност на веб страната

Официјалната веб страна на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој (www.ipardpa.gov.mk) брои 294.427 прегледи на страната од страна на 65.937 посетители во текот на 2020 година. Месечно просекот на прегледи е 24.536 прегледани страни а просекот на посетители на месечно ниво е 5.494.

Објави на соопштенија на веб страна на АФПЗРР

СООПШТЕНИЕ *–по оддржана прес конференција 03.01.2020 во 14:33*

Од наредната недела низ повеќе населени места ќе се оддржат ИПАРД инфо денови

СООПШТЕНИЕ – *по оддржана прес и настан 10.01.2020 во 15:03*

За првпат после 12 години државата нема да враќа европски пари за мерките од ИПАРД 2

СУБВЕНЦИИТЕ СЕ ИСПЛАЌААТ НА СИТЕ КОИ ГИ ИСПОЛНУВААТ УСЛОВИТЕ - *14.01.2020*

Реакција на денешниот прес на дополнителниот заменик министер за земјоделство Цветан Трипуновски

СООПШТЕНИЕ –*по оддржана прес конференција 17.01.2020 во 15:35*

Продолжува набавката на високо стелни јуници, со мерката создаваме домашен генетски потенција

СООПШТЕНИЕ – *по посета и прес 21.01.2020 во 16:21*

Со средства од Програмата за рурален развој, граѓаните на неколку села за прв пат добија канализациона
мрежа и реконструирани селски чешми

СООПШТЕНИЕ - *22.01.2020 во 10:41*

Зајакнување на капацитетите на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој за полесна интеграција во ЕУ

СООПШТЕНИЕ - *22.01.2020 во 15:08*
Создаваме еднакви услови за развој на сите региони на државата со посебен акцент на руралните подрачја

СООПШТЕНИЕ - *23.01.2020 во 16:23*
Жителите во општина Лозово, после 24 години, за првпат добиваат 8 нови асфалтирани улици

СООПШТЕНИЕ – *по настан 24.01.2020 во 12:49*

Со средства од мерката Млад земјоделец се отвораат нови и осовременуваат постојните фарми

СООПШТЕНИЕ –*по настан 29.01.2020 во 14:58*

Продолжуваме да инвестираме во развој на општините и поттикнување на регионалниот развој

СООПШТЕНИЕ –*по настан 31.01.2020 во 14:31*

Бабовски: Исплатени субвенциите за поледелски култури

СООПШТЕНИЕ – *по настан 31.01.2020 во 15:49*

Димковски и Бабовски во скопско Виниче: Локалниот пат кој ги поврзува Виниче и Страчинци постои 50 години, но сега за прв пат ќе се асфалтира.

СООПШТЕНИЕ - *01.02.2020 во 12:04*

По барање на заинтересираните странки, Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, за дополнителни 15 дена го продолжи рокот за аплицирање за мерката 3 " Инвестиции во материјални средства за преработка на земјоделски и рибини производи"

СООПШТЕНИЕ - *03.02.2020 во 11:10*

АФПЗРР: Исплатени субвенците за лозарите
СООПШТЕНИЕ - *04.02.2020 во 12:39*

Лозарите ги добија субвенциите пред почеток на овогодинешната реколта

СООПШТЕНИЕ - *05.02.2020 во 14:04*

Денеска се исплатија близу 255 милиони денари субвенции за градинарско производство

Бабовски: На 11.828 одгледувачи на градинарски култури исплатени близу 254.782.603 денари

СООПШТЕНИЕ - *06.02.2020 во 11:32*

Исплатени 391 милион денари за субвенции за овоштарство

СООПШТЕНИЕ – *по настан10.02.2020 во 15:06*

Објавен јавниот повик за млади земјоделци, годинава финансиска поддршка е зголемена на 20.000 евра

Бабовски на промоција на мерка 113 за млад земјоделец

СООПШТЕНИЕ – *по прес 11.02.2020 во 11:15*

Исплатена помошта за лозарите кои имаа предадено а неисплатено грозје од винарниците

СООПШТЕНИЕ –*по настан 17.02.2020 во 11:53*

Спасовски, Димковски и Бабовски традиционално ги закроија лозјата во Тиквешко

СООПШТЕНИЕ - *17.02.2020 во 12:01*

Почнува кампања на инфо денови за мерка 1 од ИПАРД Програмата 2014-2020

СООПШТЕНИЕ – *по настан 17.02.2020 во 14:26*
Исплатени субвенциите за одгледувачите на говеда

СООПШТЕНИЕ –*ПО НАСТАН 20.02.2020 во 14:37*
Со средства од Програмата за рурален развој се проширува и реконструира регионалниот пат од Бутел до Раштак

СООПШТЕНИЕ - *21.02.2020 во 11:46*

Привршува рокот за аплицирање за Мерка 3 „ Инвестиции во материјални средства за преработка на земјоделски и рибни производи"

СООПШТЕНИЕ - *22.02.2020 во 10:40*
На располагање нови средства за модернизација и развој на рибарството и аквакултурата во земјава

СООПШТЕНИЕ –*ПО НАСТАН 24.02.2020 во 15:06*
Преку Програмата за рурален развој, по цели 40 години, реконструиран патот од село Кажани до село Маловишта

СООПШТЕНИЕ - *24.02.2020 во 15:19*
Продолжува навремената и неселективна исплата на субвенции, денеска ќе се исплатат субвенции на 3213 одгледувачи на овци

СООПШТЕНИЕ - *25.02.2020 во 11:33*

Исплатени субвенциите за сите земјоделци кои имаат обработлива површина до 1 хектар.

СООПШТЕНИЕ – *ПО НАСТАН 28.02.2020 во 14:45*

Со поддршка од Програмата за рурален развој Волково ќе добие современ

кружен тек и нов пат до Кучково

СООПШТЕНИЕ - *29.02.2020 во 10:30*

На располагање 9,2 милиони евра од ИПАРД 2, мерка 1„ Инвестиции во материјални средства на земјоделски стопанства"

СООПШТЕНИЕ – *по работилница, настан 02.03.2020 во 12:44*
Промоција на Мерка 1 од ИПАРД Програмата 2014 – 2020, инфо караванот утре во Желино и Теарце

02.03.2020 Објавен видео спот за ИПАРД
https://www.youtube.com/watch?v=bBFY5erQ4b8

СООПШТЕНИЕ - *04.03.2020 во 12:39*

инфо денови за ИПАРД 2, општини во кои ќе биде караванот оваа недела

СООПШТЕНИЕ - *05.03.2020 во 16:21*

Исплатени субвенциите за заклани несилки во регистриран кланичен капацитет

СООПШТЕНИЕ - *09.03.2020 во 11:21*

Утре завршува рокот за мерката за финансиска поддршка од 20.000 евра за млади земјоделци

СООПШТЕНИЕ - *10.03.2020 во 11:57*

Исплатени субвенциите за пчеларите

СООПШТЕНИЕ - *12.03.2020 во 12:57*

Заради почитување на препораките на Владата откажани се ИПАРД инфо денови во наредните 14 дена

СООПШТЕНИЕ - *12.03.2020 во 13:42*

АФПЗРР го намалува бројот на директни средби со странки, комуникацијата со странките ќе се одвива по електронски пат

СООПШТЕНИЕ - *17.03.2020 во 11:52*

Исплатени субвенциите за произведено и предадено млеко

СООПШТЕНИЕ - *25.03.2020 во 10:49*
АФПЗРР: Прием на странки само во исклучителни случаи од 09:00 до 12:00 часот,сите информации може да се бараат по електронски пат

СООПШТЕНИЕ - *10.04.2020 во 13:46*
Се стават во мирување сите рокови и отворени повици и од Националната и од ИПАРД програмата

СООПШТЕНИЕ – *по прес 18.04.2020*
Исплатени субвенциите за произведен и предаден тутун од реколта 2019

СООШТЕНИЕ - *07.04.2020 во 16:17*

Дополнителен рок за аплицирање
СООПШТЕНИЕ -*по прес 20.04.2020 во 12:56*
Денеска од 16 до 23 часот тутунопроизводителите можат да ги подигнат субвенциите од банкомат, од утре подигнувањето готовина од банки ќе се врши по азбучен ред
СООПШТЕНИЕ - *29.04.2020 во 10:45*
До крај на април да се искористат ланските картички за зелена нафта

СООПШТЕНИЕ - *05.05.2020 во 12:53*
Денеска завршува рокот за предавање на зелка во регистрирани откупни центри и стекнување со право на дополнителна поддршка од 3 денари по килограм

СООПШТЕНИЕ – *по настан 07.05.2020 во 19:00*

Со 43 милиони денари од програмата за рурален развој се обнови патната инфраструктура во неколку населени места и се модеренизира градски пазар во Крива Паланка

СООПШТЕНИЕ – *по настан 13.05.2020 во 10:56*

Исплатени 88,6 милиони денари на 4.945 сточари кои имаат задржани женски јагнињa и јарињa

СООПШТЕНИЕ – *по настан 14.05.2020 во 16:54*

Распределени се 50 фотоволтаични комплети за производство на струја на бачилата и 150 водопоила од инокс за напојување на добитокот

СООШТЕНИЕ - *19.05.2020*

Бабовски : Нови средства за инвестиции во развој на домашното рибарство и аквакултурата

СООПШТЕНИЕ - *04.06.2020*

АФПЗРР ги повикува сите земјоделци кои ги загубиле или оштетиле картичките за зелена нафта до 12 јуни да ги пријават во подрачните единици на МЗШВ

СООПШТЕНИЕ – *настан 04.06.2020*

Со средства од Програмата за рурален развој се изгради патот Волково – Прилепец – манастир „Св.Никола“

СООПШТЕНИЕ - *17.06.2020*

Директорот на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој (АФПЗРР), Николче Бабовски и раководителот на подрачната единица на МЗШВ – Битола, Методија Илиевски, денеска беа во посета на Ј.П "Стрежево"

СООПШТЕНИЕ - *20.06.2020*

На располагање се нови средства за сточарите кои набавиле назимки и пчелини матици

СООПШТЕНИЕ - *24.06.2020*

Продолжуваат да течат сите рокови по ИПАРД Програмата

СООПШТЕНИЕ – *по настан 24.06.2020*

Вицепремиерката Царовска, министерот Димковски и директорот Бабовски во посета на компанијата „Којаконеја"- Преку ИПАРД програмата го поддржуваме земјоделството и домашните компании да бидат поконкурентни на меѓународните пазари

СООПШТЕНИЕ – *настан 25.06.2020*

Министерот Димковски и директорот Бабовски, денеска во Кавадарци одржа работен состанок со претставници на Здружението „Напредни лозари"

СООПШТЕНИЕ – *настан 30.06.2020*

Активностите на терен покажуваат дека одговорно го исполнуваме тоа што го ветивме пред граѓаните и компаниите, инфраструктурно уредување со цел да овозможиме подобри услови за работа и живот на сите граѓани

СООПШТЕНИЕ - *07.07.2020*

До крај на јули може да се аплицира за добивање на субвенции за земјоделството по Програма 2020 година

Известување - *08.07.2020*

Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, ги известува сите корисници на услугите на Агенцијата дека работното време со странки е од 09 : 00 до 14 : 00 часот секој работен ден.

СООПШТЕНИЕ - *11.07.2020*

Започна распределбата на картичките за новите корисници на зелена нафта по програма 2020 година

СООПШТЕНИЕ - *настан 20.07.2020*

Од денеска продолжуваат ИПАРД инфо деновите

СООПШТЕНИЕ -*настан 23.07.2020*

Последни ИПАРД инфо денови за Мерка 1, аплицирајте за добивање на финансиска поддршка

СООПШТЕНИЕ - *23.07.2020*

Подрачните единици на МЗШВ ќе работат и за време на викендот за поднесување на барања за субвенции за Програмата за директни плаќања за 2020 година

СООПШТЕНИЕ - *25.07.2020*

За една недела завршува рокот за доставување на апликации за мерка 1, „Инвестиции во материјални средства на земјоделските стопанства" од ИПАРД 2 програмата

СООПШТЕНИЕ - *27.07.2020*

За пет дена завршува рокот за поднесување на барања за субвенции за Програмата за директни плаќања 2020 година

СООПШТЕНИЕ - *30.07.2020*

Утре завршува рокот за поднесување на барања за субвенции за Програмата за директни плаќања 2020 година

ВИДЕО - *30.07.2020*

За два дена завршува рокот за доставување на апликации за Мерка 1 „ Инвестиции во материјални средства на земјоделски стопанства" од ИПАРД 2

СООПШТЕНИЕ - *04.08.2020*

Бабовски : Успешно заврши аплицирањето за субвенции во земјоделството

Известување - *11.08.2020*

Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој ги известува земјоделските стопанства дека од денеска па се до 31.08.2020 година може да се поднесуваат барања за помош во премии за осигурување

СООПШТЕНИЕ - *21.08.2020*

Уште десет дена за поднесување на барања за субвенции за премии во осигурување на посевите и добитокот

СООПШТЕНИЕ - *25.09.2020 во 14:52*

Бабовски: Владата одобри нови пет дена за поднесување на барања за субвенции во земјоделството по Програма 2020

СООПШТЕНИЕ – *по настан25.09.220 во 15:14*

Со средства од Програмата за рурален развој го стимулираме локалниот економски развој и руралниот туризам

СООПШТЕНИЕ *-настан 02.10.2020 во 09:09*

Средствата од програмата ИПАРД2, помош за локалните бизниси

СОПШТЕНИЕ *-настан 14.10.2020 во 13:26*

Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој ја продлабочува соработката со Платежните Агенции членки на ЕУ

СООПШТЕНИЕ – *настан 21.10.2020 во 14:58*

ИНВЕСТИРАМЕ НАД 87 МИЛИОНИ ЕВРА ЗА ИЗГРАДБА И РЕХАБИЛИТАЦИЈА НА ПАТНАТА МРЕЖА ВО КРИВА ПАЛАНКА И ОКОЛИНАТА

СООПШТЕНИЕ – *настан 03.11.2020 во 14:57*

Реконструиран и проширен патот до Маловиште, жителите со благодарници за Бабовски и Петровска

СООПШТЕНИЕ *-настан 05.11.2020 во 15:04*

Со средства од Програмата за рурален развој, село Драчево доби нов мултимедијален Дома на културата

СООПШТЕНИЕ *- 10.11.2020 во 10:10*

На располагање се неповратни средства за развој на рибарството и аквакултурата во земјава

Соопштение - *11.11.2020 во 15:26*

Почна аплицирањето за субвенции за предадена зелка, градинарски и овошни култури во производни капацитети

СООПШТЕНИЕ – *по настан 20.11.2020 во 14:15*

Во Куманово се одржа завршен настан за Кампањата за публицитет за ИПАРД Програмата 2014-2020

Соопштение *24.11.2020 во 12:03*
Исплатени 152 милиони денари за субвенции за втора фаза произведено и предадено млеко -

СООПШТЕНИЕ -*настан 27.11.2020*

Бабовски : Ги развиваме руралните средини, денеска исплатени 229,5 милиони денари за предадени градинарски и овошни култури во преработувачки капацитети

СООПШТЕНИЕ – *по настан 28.11.2020*

Бабовски : Петстотини и четириесет земјоделци ќе добијат нови трактори преку програмата за рурален развој, денеска беа доделени првите пет договори

СООПШТЕНИЕ - *01.12.2020*

Почна аплицирањето за добивање два денари субвенција за килограм произведено и предадено винско грозје

СООПШТЕНИЕ – *по настан 03.12.2020*

Исплатени 225 милиони денари за субвенции за трета фаза произведено и предадено млеко

СООПШТЕНИЕ – *по настан 05.12.2020*

Поддршка до 20 илјади евра за 265 млади земјоделци, вложуваме 190 милиони денари во земјоделското производство

СООПШТЕНИЕ - *14.12.2020*

Бабовски : Исплатени субвенциите за органско производство

СООПШТЕНИЕ – *по настан 18.12.2020*

Со проекти од програмата за рурален развој го развивме руралниот туризам и локалната економија во Кавадарци

СООПШТЕНИЕ - *24.12.2020*

Исплатени субвенциите за вршење на земјоделска дејност во подрачја со ограничени можности

СООПШТЕНИЕ - *29.12.2020*

Исплатени 377,7 милиони денари за откупено грозје за винската индустрија

Проект за Прилагодување на Интегрираниот систем за административна контрола финансиран од страна на ЕУ

Во делот на управување на проектот за воспоставување на ИАКС систем треба да се истакне дека откако Ковид19 пандемијата се рашири низ целиот свет, меѓународните патувања, извршувањето на работните активности во јавни и приватни канцеларии и организирање состаноци/презентации станаа навистина голем предизвик. Иако оваа состојба делумно влијаеше на активностите на проектот, сепак, проектниот тим успеа да постигне напредок во однос на неколку компоненти.

- **Активност 1**: Основните модули беа под активен развој во последниот извештаен период. Новиот СИЗП беше презентиран, главните функционалности на КТ во моментов се во фаза на активен развој и системот за аплицирање за поддршка е спремен за пуштање во употреба за кампањата

во 2021 година, дури и барањата да се поднесуваат на катастарска парцела. Процесот на пуштање во употреба на новите верзии на ЕРЗС и СИЗПЗ се очекува повторно да започне по завршувањето на кампањата 2021.

- **Активност 2**: Интероперабилност со АХВ е успешно завршена врз основа на веќе постоечкото софтверско решение. Интероперабилност со финансискиот систем ќе се спроведе во текот на следниот извештаен период. Интеграцијата со АКН е сè уште во тек, поради административни ограничувања за пристап.
- **Активност 3**: Во текот на последниот преоектен извештаен период беше доставен сет на предлог измени на мерките за поддршка. Недостатокот на носење одлуки од страна на корисниците го одложи финализирањето на предлогот.
- **Активност 4**: Задачите поврзани со Активноста 4 беа под активен развој на ИПАРД модулите за Секторот за одобрување на проекти и Оделението за база на референтни цени. Базата на податоци за референтни цени се очекува да биде пуштена во продукција во текот на следниот извештаен период.

Кога ограничувањата за патувања ќе бидат укинати, проектот повторно ќе ја процени можноста за експертски мисии. Во случајов, мисиите беа заменети со бројни телеконференции и меѓународните експерти работеа од дома.

Во **следниот извештаен период** се очекува повторно започнување на активностите за пуштање во продукција на системите за Управување со апликациите за поддршка/геопросторната аликација и КТ. Развојот на ИПАРД модулите за СОП ќе продолжи и во следниот извештаен период. Предусловите за овие активности се веќе исполнети и не се предвидени поголеми одложувања.

Работниот план беше ревидиран за повторно да се даде приоритети на задачите поврзани со реструктуирање на ЕРЗС и СИЗП, сè додека не се исполнат предусловите преку спроведување на законските измени. Работниот план беше ажуриран на сметка на одложувањата предизвикани од Ковид19 пандемијата.

Односот на остварено наспроти планираното **искористување на ресурсите** во последниот извештаен период е висок, односно 97%. Активностите поврзани со продукциската имплементација на СИЗП / ЕРЗС се очекуваат на крајот на следниот извештаен период.

Кампањата во 2021 година не се заснова врз новите мерки, па според тоа, активностите во **планот за видливост** за подготовка на летоци беа одложени за следната кампања. Инфо материјалите што го објаснуваат поедноставувањето на мерките што не се поврзани со производство, ќе бидат подготвени и дистрибуирани.

Стратегијата за управување со ризици е ажурирана, вклучувајќи ги Ковид19 последиците врз експертските мисии и други активности на проектот, како и одложувањето на предвидената истражувачка посета на Словачката платежна агенција. Недостатокот на инфраструктура/канцелариски простор за АФПЗРР да ги вработи одделенијата за СИЗП и ЕРЗС од МЗШВ сè уште претставува голем ризик.

Како дел од **хоризонталните проблеми**, кои беа поврзани со управувањето со проектот, условеноста за навремени одлуки за дефинирање на мерките за поддршка и условите за подобност за 2021 година беше неуспешна. Потребно е активно вклучување на засегнатите страни за да се обезбеди постигнување на очекуваните резултати за кампањата во 2022 година. Воспоставување на технички оддел во рамките на АФПЗРР, што е способен да ги анализира воздушните орто-слики и да го ажурира СИЗП, исто така не беше постигнато.

ИЗВРШЕНИ АКТИВНОСТИ ВО ИЗВЕШТАЈНИОТ ПЕРИОД

Како што е наведено во ревидираните ОУР (општи услови за работење), изменети и дополнети со анекс бр. 1, активностите се групирани во 3 различни резултати:

- Резултат 1: ИСАК софтверот за администрација и контрола на мерките е развиен, тестиран и работи во согласност со барањата на ЗЗП на ЕУ
    - Активност 1. Развој на ИСАК софтверот
    - Активност 2. Интероперабилност
- Резултат 2: Капацитетот на АФПЗРР е зајакнат за ефикасно работење на ИСАК софтверот преку усогласување на законодавството, процедурите и процесите во согласност со барањата на ЕУ.
    - Активност 3. Градење на капацитети за спроведување на процесите на ИСАК
- Резултат 3: ИПАРД софтверските модули за администрација и контрола на инвестициските мерки се развиени, тестирани и оперативни
    - Активност 4. Развој на ИПАРД софтверските модули

Описот на напредокот на проектните активности е организиран според Работниот план (Анекс 1) и списокот на задачи во О & М и според 3те горенаведени резултати. Нумерирањето на активностите и задачите е подредено како во ОУР.